ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ

E-MAIL: CONTACT@MOBILNOST.MK WWW.MOBILNOST.MK БРОЈ 103, ФЕВРУАРИ 2024

**РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР –„МОБИЛНОСТ КУМАНОВО“ ШАМПИОН ВО ЗНАЕЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

**12. МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“**

**ОДРЖАНИ ДРЖАВНИ ПРВЕНСТВА ВО ШАХ, СТРЕЛАШТВО И ПИНГ ПОНГ**

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА




LIETUVA








LOTERIJA
2
1
3





# МОБИЛНОСТ

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
д-р Нико Јанков

***Одговорни уредници:***
Бранимир Јовановски
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков
Елица Трпковска
Стеван Ангелески
Нермин Суловски
Гоце Миновски
Велибор Јакимовски
Дивна Таневска
Михајло Михајлов
Миланчо Арсовски
Горан Војновски

***Лектор:***
Валентина Бачваровска

***Адреса:***
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
на Северна Македонија
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 50 примероци
Излегува тримесечно
Број 103, Февруари 2024
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
КОНТУРА ДОО – Скопје

Весникот е бесплатен.


• СОДРЖИНА


• ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
• ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3
• ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ 4
• РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА 4
• „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ЈА ПРОДОЛЖУВА АКТИВНОСТА ЗА ДОНАЦИЈА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА ОД ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД САД 6
• САМИТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ПАРАОЛИМПИСКИТЕ КОМИТЕТИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 6
• РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР – „МОБИЛНОСТ КУМАНОВО“ ШАМПИОН ВО ЗНАЕЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА 8
• ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 6 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА 9
• 12. МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ 10
• ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОН ЗА 2023 11
• ПУШТЕНО ВО УПОТРЕБА ИНКЛУЗИВНОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД 12
• ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ОД МЕЃУНАРОДНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2023“ 13
• 24. ТОРТИЈАДА 14
• ИНТЕРВЈУ СО РЕЖИСЕРОТ НА „8 %? - ВЕРБАТИМ“, ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА ВО КОЈА СОЛЗИТЕ ЗБОРУВАА НАМЕСТО НАС 15
• ВО ГЕВГЕЛИЈА ОРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА: ЕДНАКВИ ПРАВА ЗА СИТЕ 16
• СВЕЧЕНО ДОДЕЛУВАЊЕ СКУТЕРИ 17
• ТРАДИЦИОНАЛНО ДЕФИЛЕ НА ШИРОК СОКАК 2023 18
• КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И ПРИЈАТЕЛИТЕ ВО ОХРИД 20
• ПРОЕКТ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“: „КРЕАТИВНО И ПСИХОМОТОРНО ПРАКТИЦИРАЊЕ ЗА УСПЕШНА ИДНИНА“ 21
• „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО РЕСЕН 22
• „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ И „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ГИ ОДБЕЛЕЖАА 3 И 4 ДЕКЕМВРИ ВО БИТОЛА 23
• УЧИМЕ АНГЛИСКИ 24
• СОРАБОТКА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ СО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ 25
• КВАЛИФИКАЦИИ ЗА КВИЗ 25
• МИА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 26
• „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ РЕДОВЕН ГОСТИН ВО МНТ 27
• „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ПРЕТСТАВАТА „8 %?“ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ АТО БИТОЛА - ОСВРТ 27
• НАГРАДНА ИГРА 28
• „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА КОНЦЕРТ 29
• ИЗЛЕТ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО РЕСТОРАН „ПОТКОВИЦА“ 30
• ТРАДИЦИОНАЛЕН ИЗЛЕТ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 31
• „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ГОСТИН НА 50-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ КАЈ СОЈУЗОТ ЗА ЦДП СРБИЈА 31
• ПРОМОЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „АЛТЕР ТРИП“ ВО ЕМИСИЈАТА „ПАТОКАЗ“ И „ТВ ТАКСИ 28“ НА МРТ 32
• 36 ГОДИНИ И ЗАБАВА ЗА НОВА ГОДИНА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 33
• ПРЕДНОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО РЕСТОРАН „РАГУЗА“ 34
• НОВОГОДИШНА ПРЕТСТАВА „ДЕДО МРАЗ, МЕЧИЊАТА И ПЛАЧКО“ 35
• ОРГАНИЗИРАН ПРЕДНОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ЦЕНТАРОТ НА ГЕВГЕЛИЈА 36
• ОДРЖАНО РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА „МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА“ И СТАРА НОВА ГОДИНА 36
• ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ И 4 ДЕКЕМВРИ - ДЕНОТ НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ 37
• „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ПРОСЛАВА НА СТАРА НОВА ГОДИНА/ВАСИЛИЦА 2024 38
• ЈАВЕН ПОВИК ЗА АДАПТАЦИЈА НА ПРИСТАПНОСТ, МОБИЛНОСТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ 38
• ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ГОЛБАЛ «А» ДИВИЗИЈА 39
• ОДРЖАН ПАРАОЛИМПИСКИ ЧАС ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ЧЕТВРТА ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ 39
• ПАРАОЛИМПИСКИОТ КОМИТЕТ НА САМИТ НА СПОРТСКИ НОВИНАРИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 40
• ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИК НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ (ИПЦ) НА ПАРАОЛИМПИСКИОТ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ПКСМ) 41
• СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО ВО ЛИМА, ПЕРУ 41
• 35. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 42
• ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ 2023 44
• ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО СО ВОЗДУШНО ОРУЖЈЕ 2023 45
• МЕЃУНАРОДЕН ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР „БУРГАС ОПЕН 2023“ 47
• МЕЃУНАРОДЕН ПИНГПОНГАРСКИ ТУРНИР „ПОДГОРИЦА ОПЕН 2023“, БРОНЗЕНИ МЕДАЛИ ЗА КОЦЕВСКИ, РИСТЕСКИ И ЗАФИРОВСКИ 47
• ПРВО МЕСТО ЗА ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА НА 54. МЕМОРИЈАЛ „ПРОФ. БОЈАН ХРОВАТИН“ 48
• ВТОР МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ „КУМАНОВО 2023“ 48
• ГРАН-ПРИ ВО СТРЕЛАШТВО НОВИ САД 2023 49
• КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ 49
• МАКЕДОНСКИТЕ ШАХИСТИ СО ИНВАЛИДНОСТ НАСТАПИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР „СКОПЈЕ ОПЕН 2023“ 50
• ПРВО МЕСТО ЗА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ШАХ ВО БАЊА ЛУКА 51
• АКТИВНОСТИ НА „МОБИЛНОСТ ТЕТОВО И ГОСТИВАР“ 51
• ПРОМОВИРАНИ МЕДАЛИТЕ ЗА „ПОИ ПАРИЗ 2024“ 52
• „ПАРИЗ 2024“ ГИ ИЗБРА НОСИТЕЛИТЕ НА ОЛИМПИСКИОТ И ПАРАОЛИМПИСКИОТ ОГИН! 52
• „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА НАТПРЕВАР ВО БОЧАЊЕ - БУГАРИЈА 53
• НАТПРЕВАР НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И ПРИЈАТЕЛСКИТЕ КЛУБОВИ ВО КУГЛАЊЕ 54
• ТУРНИР ВО ШАХ „ЕЗЕРСКА КРАЛИЦА“ 55
• ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ 56



Влеговме во 2024 година. Нека ни е среќна и бериќетна. Ретроспективно, во изминатиот период многу се направи во барањето патишта за реализација на статутарните и програмски цели на Сојузот и здружените членки... Колку е тешко да се дојде до реализација на одредена цел знаат и врапчињата.

Транспарентноста и смиреноста ги потенцираат нашите цели кои се едноставни – перцепцијата да биде за сите иста. Ние се залагаме за подобра иднина на сите. Патот е тежок, а реализацијата уште потешка.

Продолжуваме со исто темпо, оти тој е единствениот пат што го имаме избрано. Со смиреност, разборитост и темелност следниот период одиме кон нови реализирани цели со слоганот „Ништо за нас – без нас!“. Ве поздравувам и Ви посакувам здравје и лична среќа.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 24.02.2024 година, во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, беше одржана седница на редовно годишно Собрание на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија. По утврдувањето на бројот на присутните претставници на Собранието, беше констатирано дека има кворум за работата на седницата и беа избрани: за записничар, Софка Печева, а за оверувачи на записникот, Олга Ристовска и Гоце Миновски.

По усвојувањето на Дневниот ред, се премина на разгледување и усвојување на Записникот од претходната седница на изборното Собрание на Мобилност Македонија одржана на 18.03.2023 година. Со оглед на тоа дека немаше пријавено дискутанти, истиот беше ставен на гласање и усвоен едногласно како таков.

Во натамошниот тек на седницата, беше разгледан Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2023 година. Претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски, истакна дека минатата година помина во исклучително тешки финансиски услови за работа, бараното покачување на средства за реализација на програмските активности од Владата на РСМ не го добивме, а од друга страна не сакавме да ги откажуваме планираните активности, некои од нив и традиционални, така да членовите на Извршниот одбор низ текот на целата година беа во постојана комуникација со претседателот и генералниот секретар на сојузот, и по пат на електронско гласање, благовремено носеа одлуки во корист на нашите членови, како и функционирањето на сојузот, што од друга страна резултираше со финансиска интервенција од резервните средства на сојузот. За нашето работење, имавме обврска секој месец да доставуваме месечни извештаи за работата на Мобилност Македонија со прилог од финансиските импликации за спроведување на активностите, до Министерството за труд и социјална политика, како и годишен извештај за работата чиј рок за поднесување беше до 15 јануари, и ние согласно потпишаниот Договор за финансирање со министерството, максимално ги испочитувавме. За жал, некои активности организирани од Мобилност Македонија на национално ниво, поминаа без учество на претставници од некои здружени членки, што беше повод во месец декември 2023 година да одржиме посебна седница на Управниот одбор на која детално дискутиравме на ова тема и донесовме заклучок дека во иднина нема да дозволиме да ни се случуваат такви работи и дека претседателоте на здружените членки, заедно со претставиците на нивните Извршни одбори ќе вложат максимални напори за реализација на програмските задачи на сојузот.

Со оглед на тоа дека немаше пријавено други дискутанти, Извештајот за работата на Мобилност Македонија за 2023 година беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

Потоа беше разгледан Извештајот за финансиско и материјално работење на Мобилност Македонија во 2023 година и Извештајот на Надзорниот одбор за извршената контрола врз материјално-финансиското работење на Мобилност Македонија во 2023 година. Во отсуство на претседателот на Надзорниот одбор, Даниела Гошева Кангова, претставникот на Надзорниот одбор, Моме Јаќимовиќ, истакна дека на 02.02.2023 година беше одржана седница на Надзорниот одбор на која детално беше разгледана материјално-финансиската документација на сојузот и беше констатирано дека во текот на 2023 година целокупната документација е благовремено исконтирана и прокнижена со приложена финансиска и друга документација. Финансиските извештаи благовремено на месечна основа се доставени до МТСП согласно склучениот договор за финансирање од 2023 година. Средствата се користени законски, наменски и домаќински. Со оглед на тоа дека немаше пријавено дискутанти, Финансискиот извештај на Мобилност Македонија и Годишната сметка за 2023 година беа ставени на гласање и едногласно усвоени.

Во следната точка од дневниот ред беше разгледана Програмата за работа на Мобилност Македонија за 2024 година. За дискусија се јавија повеќе дискутанти меѓу кои Горан Стојчески, Елица Трпковска, Гоце Миновски, Миланчо Арсовски, Авни Хисмани, Ерхан Ќахили, Стеван Ангелески и други, и најголемиот дел од предлозите се однесуваа на подобрување на правото за ортопедски помагала и вклучување на нови помагала на Листата на ортопедски помагала при ФЗОСМ. Беше предложено и усвоено, да се испрати дополнително барање-ургенција до ФЗОСМ, бидејќи во повеќе наврати веќе имаме испратено такви дописи до Министерството за здравство, ФЗОСМ и Министерството за труд и социјална политика, со кое ќе побараме на Листата на ортопедски помагала и во Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала, да бидат додадени вертикализаторите, потоа правото на издавање на електромоторна количка да не биде врзано со условот корисникот да биде во процес на образование или во работен однос, туку согласно дијагнозата и потребата, и други нотирани потреби кои ќе бидат составен дел на дописот. Исто така се дискутираше и за намалување на старосната граница за добивање на право на надоместокот за попреченост, какои и градација на истиот и проширување на правото за повеќе степени на оштетување. Програмата за работа на Мобилност Македонија за 2024 година, со усвоените дополненија, беше ставена на гласање и едногласно усвоена.

Во однос на Финансискиот план за работа на Мобилност Македонија за 2024 година, претседателот на сојузот истакна дека нашиот доставен план до Министерството за труд и социјална политика за потребни средства за реализација на Програмата за 2024 година изнесуваше 18.954.200,00 денари. Нашите повеќегодишни напори за зголемување на определениот годишен износ, најпосле вродија со плод и годинава сојузот доби покачување од 20% во однос на средствата од минатите години, односно 12.923.000.00, од кои 1.500.000,00

наменски за набавка на ортопедски помагала и за изградба на инклузивно детско игралиште. Негово лично мислење е дека и годинава, во рамките на расположените финансиски средства, „ќе чекориме по жица“ во однос на финансирање на активностите и дека ИО ќе мора да посвети многу време, умешност и внимание за да подготви акциски план за спроведување на Програмата за 2024 година. Финансискиот план за работа на Мобилност Македонија за 2024 година беше ставен на гласање и усвоен во рамките на одобрените средства.

Исто така беше разгледан Правилникот за начинот и условите на користење на објектите за опоравок и рехабилитација. Беше ставена примедба во член 4 од Правилникот, правото на придружник да се признае на малолетно лице до 18 години, наместо на помлад малолетник до 16 години. Правилникот за начинот и условите на користење на објектите за опоравок и рехабилитација, со предложената измена во член 4, беше ставен на гласање и едногласно усвоен. Истиот ќе биде доставен до сите здружени членки и до домаќинот во апартманите за нивно запознавање и постапување по истиот.

*Б.Јовановски*

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Собранието на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 18 јули 2023 година, во Законот за здравственото осигурување, донесе измени во член 34 став, 1 алинејата 2, која сега гласи:

„- осигурените лица со попреченост, според прописите за детска заштита и социјална заштита,“.

Имено, согласно член 32 од Законот, осигурените лица учествуваат со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови, но најмногу до 20 % од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга, односно лековите.

Член 34 од Законот го дефинира ослободувањето од учество и до донесувањето на ова измена од учество со лични средства беа ослободени само децата со попреченост, според прописите за заштита на децата (детска заштита).

Со ова измена се ослободуваат осигурените лица со попреченост (без оглед на возраст), меѓутоа само оние кои користат некое право од детска заштита или социјална заштита.

На иницијатива на „Мобилност Македонија“, Националниот совет на инвалидските организации на Македонија се обрати со допис до Министерството за труд и социјална политика за појаснување на постапката за начинот на остварување на ова право, како и практичната примена на измените во Законот за здравствено осигурување кои се однесуваат на ослободување од партиципација на лицата со инвалидност при користење на здравствени услуги, и од министерството го добивме следното појаснување, кое ви го цитираме во целост:

„Врз основа на Вашето барање бр. 03-116/1 од 9. 10. 2023 година, со барање за појаснување за практичната примена на измените во Законот за здравствено осигурување, сакаме да Ве информираме дека ФЗО (Фонд за здравствено осигурување) со допис ги извести сите здравствени установи за ослободувањето од партиципација за лицата со попреченост, додека МТСП ги извести сите ЈУ МЦСР (Јавни установи меѓуопштински Центри за социјални работи) дека имаат обврска да издаваат потврди на лицата со која потврдуваат дека се корисници на правата од законот за социјална заштита, што е предуслов за ослободувањето (истата се приложува во здравствената установа). Оваа пракса ќе се користи сѐ додека не се заврши приспособувањето на електронскиот систем на ФЗО (што се очекува да биде набрзо), по што ќе може да се разменуваат податоци по електронски пат и нема да има потреба од хартиените потврди.“

Здравствени услуги за кои важи ослободување од плаќање на здравствена партиципација се:

- Специјалистичко-консултативна здравствена заштита (СКЗЗ)
- Болничка здравствена заштита (БЗЗ)
- Лекови издадени на рецепт на товар на ФЗОРСМ.

*Б. Јовановски*

# РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА

На 13. 9. 2023 година, претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, и генералниот секретар, Софка Прчева, оствариja работна средба со министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска.

На получасовната работна средба дискутиравме за повеќе прашања од интерес на правата и заштитата на лицата со телесен инвалидитет, но и за подобрување на финансирањето на националниот сојуз „Мобилност Македонија“.

Истакнавме дека очекуваме нашите барања кои во изминатите години повеќекратно ги доставувавме до Владата на РСМ, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика, а се однесуваат на зголемувањето на износот на надоместоците од социјалната заштита (нега и помош од друго лице, попреченост, посебен додаток...), да бидат земени предвид и реализирани со новиот Буџет за 2024 година. Во економска криза во која се наоѓа нашата држава, соочени со енормниот раст на цените на енергенсите, на услугите и на

потрошувачката семејна корпа, лицата со телесен инвалидитет со сегашниот износ на надоместоците за нега и помош од друго лице, надоместокот за попреченост и посебниот додаток не можат да добијат квалитетна услуга, третман, социјализација и целосна инклузија во општеството. Уште минатата година, во преговорите кои повеќекратно ги имавме со министерката, ни беше ветено зголемување на износот на овие надоместоци (покрај тековното усогласување на почетокот на годината), но, за жал, тоа не се случи. Сега во време на подготовка на Буџетот за 2024 година, замоливме министерството и самата министерка да застане поенергично за нашите барања и потреби пред Владата и Министерството за финансии во настојувањата за конечна реализација на ова наше оправдано барање. Исто така, побаравме и зголемување на износот кој се доделува на националните инвалидски организации од даноците од игри на среќа за непречено функционирање и спроведување на програмските активности, кој износ не е зголемен во последните 10 години, а цените на горивата и услугите се зголемија повеќекратно, со што сме принудени да откажуваме некои традиционални програмски активности или да го редуцираме бројот на присутните лица со инвалидност.

Повторно апелиравме во најкус можен рок да се измени членот 256, став 2, од Закон за социјална заштита, со зголемување на купопродажната вредност на возилото од 10.000 на 20.000 евра во денарска противвредност за враќање на средства уплатени за царина, ДДВ и акциза за набавка на патничко моторно возило. И порано, а посебно денес, укажуваме дека за купопродажната вредност на возилото од 10.000 евра не може да се набави соодветно возило со габарит во кое можат да се сместат инвалидски колички и друга потребна опрема за непречено движење на лицата со телесен инвалидитет, и побаравме износот да се коригира на 20.000 евра во денарска противвредност.

Како алтернативно решение, предложивме да не се лимитира износот на набавеното возило, туку да се лимитира износот кој Владата на РСМ ќе го рефундира на корисникот преку соодветна Програма (за 2023 година тој износ е 180.000,00 денари), а доколку определениот износ од царинењето на возилото го надминува тој износ, разликата да си ја доплати самиот корисник.

Министерката ни одговори дека ова наше барање целосно е земено предвид и дека службата на министерството работи на предлогот за измена на наведениот член во Законот за социјална заштита.



Предложивме да се стартува Програма на Влада на РСМ за вградување на определен број годишно (во рамките на финансиските можности) на рачни команди во возилата кои ги управуваат лицата со телесен инвалидитет. Ваква програма веќе се реализира во Република Србија и ни беше одговорено дека тимот на министерката ќе ги согледа искуствата од соседна Србија, како и можностите за реализација на таква програма кај нас.

На крајот од состанокот дискутиравме и за работата на комисијата за доделување на надоместок за попреченост, побаравме доколку е можно решенијата од прегледот на лицата службено да се доставуваат до Центрите за социјална работа, како и да се доделуваат поголем број трајни решенија за лицата со телесен инвалидитет кај кои е очигледно дека нема медицински индикации за подобрување на нивната здравствена состојба, наместо издаваните привремени решенија кои ги изложуваат самите лица на трошоци и непотребно малтретирање.

*Б. Јовановски*

# „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ЈА ПРОДОЛЖУВА АКТИВНОСТА ЗА ДОНАЦИЈА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА ОД ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД САД

Минатата година „Мобилност Македонија“ со здружените членки имаше активност на прибирање на барања од членови за добивање на ортопедски помагала (колички, штаки, одалки...), како донација од хуманитарната организација „Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежни дни“ од САД.

Во меѓувреме, се смени тимот на директори на организацијата за Македонија и за Косово со заминувањето на Дарон и Карен Хадок и се направи подолга пауза од речиси една година.

На 5. 10. 2023 година во канцеларијата на Сојузот се сретнавме со новите хуманитарни директори на организацијата, Клеј и Кетрин Стрингам, со кои по кусото претставување се договоривме да ги продолжиме активностите, всушност како да започнуваме од почеток, најнапред побараа да им го испратиме списокот на бараните помагала, а тие пак да најдат можност за транспорт на контејнерот од Кина. Речено-сторено, списокот доставен, кога ќе биде испораката, не зависи од нас.

Како и да е, соработката продолжува.

*Б. Јовановски*



# САМИТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ПАРАОЛИМПИСКИТЕ КОМИТЕТИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Во овој напис би сакал да ги запознам нашите читатели со Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година. Оваа Програма која е објавена во јануари 2024 година, во „Службен весник на РСМ“ број 12 предвидува за кои возила и на кои лица при набавката на патничко возило, државата ќе им ги враќа средствата платени за царински давачки, ДДВ и акциза.

Право на рефундирање на овие средства имаат следните категории лица со попреченост и тоа:

1. лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост,

2. лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост,

3. потполно слепи лица со придружник и

4. потполно глуви лица.

Рефундирањето на овие средства се врши во рамките на средствата кои се обезбедени со оваа програма, што значи дека ако постои поголем интерес, а се исцрпени средствата наменети за таа намена во согласност со Програмата, овие побарувања за поврат на средства нема да се реализираат. Всушност, со оглед на условите кои треба да се исполнат, а особено и со финансиската состојба на овие лица, ретко кога се исполнила оваа квота. За оваа намена државата за оваа година предвидува средства во износ од 180.000,00 денари по одобрено барање, што значи тоа е максималниот износ што некое лице може да го очекува како рефундирани средства, без оглед дали апликантот исплатил на име на овие давачки поголем износ од овој што државата го предвидела.

Оваа Програма ја спроведува Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа, што значи дека потребната документација лицето треба да ја поднесе до Комиси-

јата за рефундирање на средствата преку Центарот за социјална работа во местото каде што е жител.

Барањето за рефундирање на средства ја поднесува лицето кое спаѓа во една од горенаведените категории, од него лично или преку неговиот родител или старател, по објавениот оглас, што значи дека треба да се почека прво да се објави огласот, а потоа да се поднесуваат документите и барањето. Јавниот оглас ќе биде отворен до денот на исцрпувањето на средствата кои државата ги предвидела за оваа намена, но најдоцна до 30 септември 2024 година.

Во рок од 15 дена откога било поднесено барањето, Комисијата за увид ќе изврши увид во домот на лицето кое го поднело барањето за поврат на средствата и записникот ќе го достави до Комисијата за рефундирање на средствата најдоцна за 10 дена од увидот. Оваа Комисија ги разгледува барањата редоследно во согласност со датумот на поднесувањето во Центарот за социјална работа во согласност со правното правило **prior tempore potior is iure (прв во времето посилен во правото).** Оваа комисија по разгледувањето на барањето и документацијата поднесува предлог до министерот за труд и социјална политика за исполнување на условите за рефундирање на средствата со цел министерот да донесе соодветно решение врз основа на кое или ќе се одобри враќањето на парите или ќе се одбие барањето поради неисполнети услови.

Документи кои се потребни за да се добие враќање на овие средства се следните:

1. Наод, оценка мислење од надлежна комисија со кое е утврдена тешка потешка и најтешка телесна попреченост, утврдена умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепило и потполна глувост (може да се достави и копија од овој документ, ама заверена на нотар);

2. Царинска декларација (примерок од електронска царинска декларација). Оваа декларација не треба да биди постара од 18 месеци од денот кога е подмирена царинската давачка и акцизата при увозот на автомобилот издадена од царинскиот орган (или копија од овој документ заверена на нотар);

3. Доказ за платен данок на додадена вредност при набавката на патничкиот автомобил;

4. Фактура за набавка на возилото во државата;

5. Доказ дека во возилото е вградена дополнителна опрема како што се автоматски или полуавтоматски менувач, рачни команди кои ги заменуваат ножните команди, хидраулична дигалка за инвалидска количка или пристапна рампа за влез во возилото. Карактеристично е што се бара и доказ од овластена компанија која ја вградила таквата специјална опрема (ова е многу чуден услов со оглед на тоа што колку мене ми е познато таква овластена компанија во РСМ нема), а може и копија да се достави под услов да е заверена на нотар, доколку возилото е со купопродажна вредност од 10.000 евра во денарска противвредност, но не повеќе од 20.000 евра и лицето самостојно ќе го управува возилото;

6. Копија од сообраќајната дозвола

7. Копија од трансакциска сметка

Вкупните средства кои државата ги наменила по овој основ за поврат на средства изнесува за оваа година 4.200.000,00 денари.

Во сите овие документи кои треба да се доставаат спорни се неколку. Прво, не секој има документ за телесното оштетување за да докажи дека е во групата на тешка, потешка и најтешка телесна попреченост. За да го добие овој документ лицето ќе треба да оди на Инвалидска првостепена комисија, која е овластена да даде таква оценка, наод и мнение. Но оваа Комисија не определува степен на оштетеност доколку тоа не е врзано со остварувањето на некое право од соодветен законски пропис како што е правото за бенефициран стаж што се остварува само доколку лицето има телесно оштетување во одреден процент. Меѓутоа, ова право го остварува само лице кое е во работен однос, а има лица со попреченост кои не се вработени.

Многу е нејасно и тоа дека се бара и доказ дека во возилото е вградена дополнителна опрема како што се рачни команди или рампа за влегување во возилото. Тоа важи само за возилата со вредност од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност, но зошто се инсистира на тоа да се достави доказ за тоа дека дополнителната опрема или рачните команди ги вградила овластена фирма кога таква фирма во државата колку мене ми е познато нема? Исто така е нејасно дали мора лицето самостојно да го управува возилото. Факт е дека има лица со најтешка телесна попреченост кои имаат потреба од патничко возило, но самите тие не се во можност да се стекнат со возачка дозвола и ни со рачни команди не можат самостојно да го управуваат возилото. Во такви случаи обично таквото лице го возат некои блиски роднини или старателот. Зошто таквите лица да не можат да бараат повраток на средствата согласно со оваа Програма?

Дискутабилно е и висината на купопродажната вредност на возилото да не изнесува повеќе од 10.000 евра во денарска противвредност. „Мобилност Македонија“ во повеќе наврати, по пат на дописи, и во директна комуникација со министерката за труд и социјална политика укажуваше дека за купопродажната вредност на возилото од 10.000 евра не може да се набави соодветно возило со габарит во кое можат да се сместат инвалидски колички и друга потребна опрема за непречено движење на лицата со телесен инвалидитет, и побара износот да се зголеми и коригира на 20.000 евра во денарска противвредност. Како алтернативно решение, предложи и втора солуција, а тоа е да не се лимитира купопродажната вредност на набавеното возило, туку да се лимитира износот кој Владата на РСМ ќе го рефундира на корисникот преку соодветна Програма (за 2024 година тој износ е 180.000,00 денари), а доколку определениот износ од царинењето на возилото го надминува тој износ, разликата да си ја доплати самиот корисник. Министерката во повеќе наврати одговори дека ова наше барање целосно е земено предвид, дека е издржано, и дека службата на министерството работи на предлогот за измена на наведениот член во Законот за социјална заштита. Меѓутоа, за жал, и новата Програма за 2024 година излезе со стариот, низок, некоригиран износ на купопродажната вредност на возилото, па „Мобилност Македонија“ е на мислење дека ваквата Програма нема да ги задоволи потребите на лицата со телесна попреченост и не нè чуди што секоја година сè помалку лица го користат правото за рефундирање на средствата исплатени на име царински давачки, ДДВ и акцизи, а предвидените средства за оваа намена од страна на министерството остануваат неискористени.

*Митко Фидановски*

# РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР – „МОБИЛНОСТ КУМАНОВО“ ШАМПИОН ВО ЗНАЕЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА

На 7 и 8. 10. 2023 година, во хотелот „Галеб“ во Струга, се одржа 29. Републички квиз натпревар на лицата со телесен инвалидитет на Северна Македонија.

По претходно одржаните квалификациски натпревари на 14. 9. 2023 година во здружените членки на сојузот, тринаесет здруженија пријавија учество на овој прекрасен настан кој изобилуваше со многу знаење, самодоверба и снаодливост од страна на сите учесници.

И тогаш, натпреварувачите од „Мобилност Куманово“: Страшко Коцевски, Небојша Ташиќ и Драги Стефановски покажаа најголема снаодливост, најнапред успевајќи да се пријават за одговор по пат на брзи прсти како втора екипа, а потоа откако „Мобилност Велес“ понуди неточен одговор на прашањето, тие за да се стекнат со право на одговор, одговорија точно и со вкупно 97 поени го освоија првото место и титулата „Шампион на знаење за 2023 година“.



Жири-комисијата беше во состав: Зоран Јорданов, Софка Прчева и Драган Дојчиноски, компјутерска и техничка обработка на податоци Тони Пајдаков, водител на манифестацијата Бранимир Јовановски

По одржаните четири четвртфинални квиз натпревари во саботата, 8 екипи изборија пласман во полуфиналните борби, за да на крај четирите најдобри екипи (првопласираните две од секоја полуфинална група) се пласираат во големото финале.

По исклучително занимлива и динамична игра, во која натпреварувачите постојано се ротираа во пласманот во борбата за првото и третото место, на крај се случи одговорот на последното прашање го одлучи победникот.

На второто место се пласираше екипата на „Мобилност Кочани“ со освоени 93 поени, додека третото место го освои екипата на „Мобилност Велес“ со 43 поени. Мобилност Битола се пласираше на четвртото место со 42 поени, само еден помалку од доволните за трето место, што потврдува каква борба се водеше сѐ до крајот на натпреварот за освојување на едно од одликувањата.

Прекрасна организација на настанот, благодарение на средствата за финансирање на програмските активности за 2023 година добиени преку Министерството за труд и социјална политика.

*Б. Јовановски*





# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 6 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА




„Мобилност Македонија“ посочува дека овој ден, кој се одбележува секоја година на 6 октомври, треба да послужи како платформа за подигање на свеста за церебралната парализа, за поддршка на оние кои живеат со оваа состојба и се залага за поголема вклученост и разбирање. Децата и возрасните погодени од церебрална парализа често се соочуваат со предизвици кои го попречуваат нивното целосно учество во општеството. Денот фрла светлина врз потребата за зголемена свест, разбирање и поддршка за лицата со церебрална парализа.

Темата за Светскиот ден на церебралната парализа во 2023 година е „Заедно посилни“. Оваа тема ја нагласува важноста на единството, соработката и заемната поддршка во заедницата за церебрална парализа и пошироко. Истакнува дека кога поединците, семејствата, старателите и заедниците ќе се здружат, тие стануваат моќна сила за позитивни промени и вклучување.

Светскиот ден на церебрална парализа е обид да се соберат иноватори, едукатори, инженери, лекари, бизниси, влади и непрофитни организации низ светот за да можат да помогнат во создавањето иновативни решенија за реалните и секојдневните проблеми со кои се соочуваат лицата со церебрална парализа.

Светскиот ден на церебралната парализа (World Cerebral Palsy Day) е глобално движење што започна во 2012 година. Тоа има за цел да ги обедини луѓето кои живеат со церебрална парализа, нивните семејства, поддржувачи и организации од над 100 земји, сè со цел да се обезбеди иднина во која децата и возрасните со церебрална парализа ќе ги имаат истите права, пристап и можности како и секој друг во нашето општество.

Церебрална парализа (ЦП) претставува непожелен глобален феномен, а овој ден нè потсетува на над 17 милиони луѓе во светот кои се погодени од ова состојба. Церебралната парализа е една од најчестите физички попречености што ги погодува најранливите меѓу нас - децата. Дополнително, ЦП останува присутна низ текот на целиот животен век на детето без ефикасен лек за целосно закрепнување, но со можност со примена на одредени медицински третмани, физикални вежби, ортопедски помагала и оперативни зафати, истата значително да се подобри.

Церебралната парализа е најчеста попреченост во детството, но сепак во целиот свет малку се знае што е тоа ЦП и како е предизвикана. Важно е да се знае дека церебралната парализа не е болест, туку се смета за нарушување, различно од една до друга личност, кое може да се манифестира со слабост на едната или двете раце, епилепсија, интелектуална попреченост или тотална неспособност да се контролира движењето, како што е на пример одењето.

Неколку факти за церебрална парализа што ќе ве натераат на размислување:

- ЦП главно ги погодува децата. Бројките се вознемирувачки.

- едно од четири деца со ЦП не е во можност да зборува;

- едно од три деца не може да оди;

- едно од две деца се соочува со некоја форма на ментална или интелектуална попреченост;

- едно од четири деца има епилепсија.

- ЦП ги погодува доенчињата. Едно од 500 новороденчиња е родено со церебрална парализа.

- Речиси половина од луѓето со ЦП се родени предвреме.

- Церебралната парализа стигматизира. Во многу општества низ светот, луѓето со ЦП се чуваат необразовани и скриени од остатокот на популацијата во заедницата.

„Мобилност Македонија“ со своето посветено работење преку разни форми на дејствување за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет во Северна Македонија, денес претставува катализатор на промените за подобрување на животот на лицата со церебрална парализа и со тоа се приклучува кон годинешниот светскиот слоган „TOGETHER STRONGER“, односно „ЗАЕДНО ПОСИЛНИ“.

Клучните области на промени вклучуваат подобрување на: Нивото на јавната свест; образование; квалитетот на животот; медицински-терапевтски третмани; давање наш придонес; граѓански права итн.

*Б. Јовановски*

# 12. МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

Од 2 до 8. 10. 2023 година, во Охрид, под покровителство на „Мобилност Македонија“ од средствата обезбедени од финансирање на програмските активности за 2023 година од Министерството за труд и социјална политика, се одржа 12. Меѓународна ликовна колонија на која заеднички твореа нашите талентирани членови и ликовни уметници Роза Мојсовска и Тома Димовски, со петнаесет ликовни уметници од Србија и Северна Македонија: проф. Зоран Јакимовски, Петар Попчев, Доне Мајновски, Димитар Димитров, Јоана Арсовска, Емилија Тоциновска, Стојче Тоциновски, Живко Пренцов, Клара Томиќ Касаш, Станислава Летиќ, Љиљана Недељков, Ана Фафулиќ, Јасмина Пајовиќ, Жарко Ѓукиќ и Светлана Мориц Миладиќ.

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – „Мобилност Македонија“, низ годините зад себе, створи традиција во организирање на ликовни колонии и ликовни изложби. Целта за организирање на ликовните колонии е да се поддржи и поттикне уметничкиот израз кај талентираните членови – лица со телесен инвалидитет, да создадат правилна перцепција за ликовните и естетските вредности, развивање на способност за препознавање и соодветно вреднување на уметничките изрази и појави од секојдневниот живот, да развијат креативно мислење и изразување.

Како и на претходните колонии, така и на годинешнава, освен лица со телесен инвалидитет, учествуваа и академски слика-







ри и графичари. Уметниците од различни возрасти и индивидуални специјалности, на колонијата ја имаа потполната слобода да ја претставаат својата творечка имагинација низ различни стилски концепти. Оваа колонија е единствена од овој вид во нашата држава, која покажа дека уметничкиот потенцијал не знае за поделби и попречености, и дека нејзиното организирање има претензии да покаже и докаже дека креативните потенцијали на лицата со телесен инвалидитет се многу поважни од предрасудите дека техничката изведба е најважна.

Токму учеството на ова наша манифестација во минатото беше инспирација за нашиот член Тома Димовски да се запише, а подоцна и да дипломира, на Академијата за ликовни уметности при УКИМ, а потоа и да заврши мастер студии.

Во пријатна атмосфера на спонтано дружење и заемна комуникација меѓу учесниците на колонијата, дополнета од пријатното милување од топлината на октомвриско сонце, и бескрајната убавина и инспирација што несебично ја емитира прекрасното и единствено Охридско Езеро, се нижеа делата во живописен колоритет кои уметниците им го оставија како трајна вредност на „Мобилност Македонија“.

*Б. Јовановски*



# ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОН ЗА 2023

„Слобода, еднаквост и правда за сите“

По покана од Канцеларијата на ОН во Република Северна Македонија, по повод денот на ОН, претставниците на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски и Софка Прчева, на 24. 10. 2023 година во хотелот „Александар Палас“ учествуваа на Годишната конференција на ОН за 2023 година под наслов „Слобода, еднаквост и правда за сите“.

Конференцијата ја отвори Росана Дуцак, постојан координатор на Обединетите Нации во Северна Македонија.

На ова конференција, претставниците на ОН во Северна Македонија ги здружија силите со националните и меѓународните партнери за унапредување на еднаквоста и човековите права по повод Денот на ОН и 75-годишнината од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) кои се од суштествено значење за одржлив, правичен и инклузивен развој.

Со оглед на тоа што преостануваат уште седум години за спроведување на Агендата 2030, треба да застанеме и да раз-






мислиме дали сме сториле доволно за да ги постигнеме Целите за одржлив развој (ЦОР) низ призмата на човековите права. Треба да се запрашаме дали правиме сѐ што е во наша моќ за сите луѓе да имаат еднакви права и достоинство, што претставува камен-темелник на Универзалната конвенција за човековите права (УКЧП), затоа што луѓето и нивните неделиви и еднакви права се клучни за остварување на ЦОР.

Конференцијата промовира дијалог со цел да се изнајдат подобри начини за справување со дискриминацијата, погрешните информации, дезинформациите, лажните вести и говорот на омраза помеѓу претставници од Собранието, Владата, институциите за човекови права, академската заедница, медиумски работници, граѓанското општество, ОН и партнерите кои ѝ даваат поддршка на земјата кон нејзиниот забрзан напредок кон ЦОР и пристапувањето кон ЕУ.

Од 10 : 05 до 11 часот се одржа Панел 1: Справувањето со дискриминацијата како двигател за развој на кој говореа министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска, амбасадорот на ЕУ во Северна Македонија, Дејвид Гир, претстав- ►

никот на УНИЦЕФ, Патриција ди Џовани, заменик-јавен правобранител Васка Бајрамовска Мустафа и членот на Комисијата за превенција и заштита од дискриминација, Игор Јадровски.

Продолжената криза и понатаму ги влошува нееднаквостите, дискриминацијата, социјалната исклученост и наративите кои водат кон подвоеност на општеството. Северна Македонија презеде важни чекори за донесување закони и справување со дискриминацијата. Сепак, сè уште постојат предизвици - многу луѓе немаат ист пристап и не уживаат еднакви права, особено оние поединци и групи кои се ранливи.. На овие теми говореа панелистите:

- Како да се премости јазот помеѓу политиките и праксата

- Двете страни на истиот медал - нееднаквост, структурна дискриминација наспроти развој

- Вклученост, социјална правда, економија што ги унапредува човековите права

- Перспективата на родот, возраста и попреченоста е клучна за сите аспекти на развојот

Од 11:30 до 12:30 часот се одржа Панел 2: Од погрешни информации и дезинформации преку лажни вести до говор на омраза и насилство.

- Погрешните информации, дезинформациите и говорот на омраза, особено на социјалните мрежи и дигиталните платформи, се во подем. Не само што влијаат врз слободата на мислење и изразување, туку тие можат да бидат опасни и да повредат

- Заемно дејство и последици од овие широко распространети појави

- Стратегии и пристапи за спречување - образование, подигање свест, дигитална писменост

- Што можеме да направиме со цел да ставиме крај на говорот на омраза што доведува до насилство, особено кон најранливите категории.

На овие теми говореа: Славица Грковска, заменик-премиер, Џулиа Смит, заменик-амбасадор на Обединетото Кралство во Македонија, Гордана Сиљановска-Давкова, пратеник, Биљана Настеска Каланоска, Асоцијација на новинари на Македонија, Афродита Шаља Плавјанска, канцеларија на УНФПА и Искра Хаџи Василева, основно обвинителство.

*Б. Јовановски*

## ПУШТЕНО ВО УПОТРЕБА ИНКЛУЗИВНОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

На иницијатива на „Мобилност Македонија“, Министерството за труд и социјална политика од 2012 година наваму обезбедува средства за спроведување на проектот „Изградба на инклузивни детски игралишта“ со цел подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидност и можност за нивен правилен раст и развој. Проектот за изградба на инклузивни детски игралишта се однесува на територијата на целата држава, а го спроведува „Мобилност Македонија“.

Проектот за изградба на инклузивни детски игралишта во 2023 година продолжи да се реализира со изградба на игралиште во општина Македонски Брод. Локацијата на инклузивното игралиштето е на улицата која се двои од булеварот „Маршал Тито“ кон Градскиот стадион, покрај урбана пешачка патека и е на површина од 150м$^2$ на ограден простор кој е наменет за детско игралиште. Општината со свои средства го изврши тампонирањето на теренот и постави урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци, осветлување и сл.).

Проектот за инклузивни детски игралишта е повеќе од потребен во нашата држава. Поставувањето на игралишта од ваков вид подразбира оформување на простор со реквизити кои би биле достапни и за децата со инвалидност, односно детско игралиште кое на овие деца ќе им обезбеди безбедно да си играат и да се социјализираат и кое ќе им овозможи поттикнувачка средина за правилен раст и развој. „Мобилност Македонија“ смета дека со спроведување на овој проект ќе се овозможи подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидност и можност за нивен правилен развој. Овој проект, „Инклузивни детски игралишта“, „Мобилност



Македонија“ го реализира во партнерски однос со Министерството за труд и социјална политика.

*С.Прчева*

# ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ОД МЕЃУНАРОДНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2023“

На 1. 12. 2023 година, во „Порта Македонија“ беше одржана Изложбата на уметнички дела од 12. Меѓународна ликовна колонија „Охрид 2023“, во организација на „Мобилност Македонија“, а со финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика.

Изложбата за отворена ја прогласи министерката за труд и социјална помош, Јованка Тренчевска, која истакна дека министерството ги препознава и поддржува програмските активности на „Мобилност Македонија“, а истакна дека ќе се заложи уметничките дела, како овие, така и тие од претходните години, да бидат изложени во повеќе галерии и донаторски изложби во повеќе градови, а сѐ со цел делата да се отуѓат, а средствата да се рефинансираат за нови активности од областа на културата и уметноста на лицата со телесен инвалидитет.

Претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, ѝ се заблагодари за одвоеното време и внимание на министерката Тренчевска, и истакна дека сојузот и министерството одамна имаат изградено партнерски односи и во непосредна комуникација се трудат да ги подобрат правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет во државата.

Професорот Зоран Јакимовски, претседател на Одборот за ликовна колонија при „Мобилност Македонија“ во својот говор ги истакна заслугите за развивање на креативност и сплотеност помеѓу авторите со и без инвалидитет и особено придобивките од заедничкото творење за време на колонијата кога едните учат од другите, но и се мотивираат и дополнително инспирираат да создадат поубави и посодржински дела. Исто така го претстави нашиот член Тома Димовски, кој најпрвин дипломираше, а оваа година и магистрираше на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, а токму одржувањето на ова програмска активност и учеството на неа, сигурно за него беа дополнителна инспирација и поттик.

„Мобилност Македонија“ донесе одлука да ѝ подари на министерката Тренчевска една слика од Тома Димовски, наречена „Градски автобус“ во знак на благодарност за поддршката што ни ја пружа, но и како симбол дека лицата со телесен инвалидитет, без оглед на тежината на инвалидитетот, со соодветна поддршка можат мошне успешно да творат и активно да се вклучат во сите пори на општествениот живот во државата.

*Б. Јовановски*








# 24. ТОРТИЈАДА





На 21. 10. 2023 година во прекрасниот амбиент на хотел Вила Парк во Струмица се одржа нашата традиционална манифестација „Тортијада“, 24. по ред. После пристигнувањето, нашите пријатели- членовите од останатите членки на „Мобилност Македонија“, преминаа кон подготовка на тортите, притоа запазувајќи ги пропозициите за учеството. Дружбата е главен мотив на овие собири. Оваа година беа подготвени осум торти од членовите на здруженијата „Мобилност Македонија“ од Скопје, Тетово, Прилеп, Кочани, Штип, Радовиш, Гевгелија и Струмица учествуваа на оваа манифестација која по 24. пат се одржува во Струмица.










Торта полна со чушки, френки, праз, кромид, боранија, грашок, феферонки, компир, патлиџан, фасуљ, тиква, габи, кикирики беше избрана за најубава на годинашната „Тортијада“, која беше подготвена од членовите на „Мобилност Струмица“. Второто место жири-комисијата во состав Николина Георгиева и Илинка Тодорова долгогодишни учеснички на манифестацијата Вешта жена, ја доделија на тортата што ја подготвија членови на „Мобилност Прилеп“, а трето место за тортата на „Мобилност Гевгелија. Првонаградената торта т.е. учесничките добија ваучери од ортопедската куќа МЕДИКУС ХЕЛП, а другите членови добија подароци во знак на благодарност за нивното учество.





Заменичката на градоначалникот Елена Магеровска-Паликарова, отворајќи ја манифестацијата кажа дека иако „Тортијадата“ има натпреварувачки карактер, многу поважно од се е негувањето на традицијата, дружењето и продлабочувањето на пријателствата. „А што се однесува до наградите, верувајте ми на зборот, сите сте победници, а апсолутен победник е самата манифестација, 24-та „Тортијада 2023“, која успешно опстојува без малку четвртина век, а ќе опстојува уште многу, многу години. Честитајќи им уште еднаш на организаторите и посакувајќи им успех на натпреварувачите, ве уверувам дека, како и до сега, така и во иднина, поддршката од градоначалникот и Општина Струмица никогаш нема да изостане“ – кажа Магеровска-Паликарова.





На оваа наша манифестација „Тортијада 2023“ освен што беа презентирани торти направени од лица со телесен инвалидитет имаше и културно забавна содржина. Настапија „Распеани Струмичани“ и ансамблот „Фолклорна низа“, а за целосната забава се погрижија Таки и Анела.

Лицата со телесен инвалидитет потврдувајќи ги своите слаткарски вештини, преку оваа манифестација ја упатуваат заедничката порака дека и тие можат и умеат, како и останатите членови на заедницата со што сакаме да дадеме придонес во подигањето на јавната свест за поголема инклузија на лицата со попреченост.

*Мери Туџарова*

# ИНТЕРВЈУ СО РЕЖИСЕРОТ НА „8 %? - ВЕРБАТИМ“, ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА ВО КОЈА СОЛЗИТЕ ЗБОРУВАА НАМЕСТО НАС

Во претставата се раскажуваат различни непријатни вистини кои се сензитивни за македонскиот народ како и за системот. Вистини кои лицата се плашат да ги кажат на глас. Вистини кои друштвото не ги препознава или најстрашно - ги одбегнува.

АТО заедно со театарскиот тим до јавноста јасно и гласно ја испраќа пораката дека: „Системот сме ние - и ние го градиме системот! ОДГОВОРНИ СМЕ СИТЕ!»

Претставата „8 %?“ е работена според истражување и интервјуирање на лица од различни градови во државата кои биле изложени на дискриминација, семејно насилство и системски неправди.

Проектот е поддржан од GIZ North Macedonia

Автор и режија - Јован Ристовски

Коавтор - Весна Куслеска

Костимограф - Марта Дојчиновска

Драматург - Билјана Крајчевска

Актери:

Марија Стефановска - менаџерка

Наталија Ристеска - асистентка

Соња Михајлова-Црната/режисер

Никола Пројчевски - канцелариски координатор

Петар Горко - шеф

Учесници:

Ивана Атанасоска

Весна Софронијевска

Биљана Тодоровска

Координатор: Александра Десковска

Фотограф: Коста Дупчинов

Видеопродукција: Concept Productio



Приказната започна ненадејно еден ден кога членовите на „Мобилност Битола“ вообичаено се собираат во просториите на Здружението заради дружење и секојдневни активности. Претседателот Нико Јанков нè извести дека таа вечер ќе ни гостува режисерот Јован Ристовски-Јовица и драматургот Биљана Крајчевска за да ги слушнат нашите искуства и доживувања како лица со попреченост кои сме изложени на дискриминација и разни препреки створени од човекот и системот. Од нас се бараше во интервјуто да раскажеме секојдневни случки, зготи и незгоди кои сме ги доживеале, а се поврзани со нашата попреченост. Особено се инсистираше да раскажеме дали и на кој начин сме биле дискриминирани од поединци и од државата. За да не биди сè така црно, особено се потенцираше и на анегдоти за да се опфати и смешната страна на нашето секојдневие, со оглед на тоа дека низ хуморот и сатирата најдобро се отсликува духот на поединецот кој на тој начин полесно ги надминува препреките.

При интервјуто се створи една пријатна атмосфера и секој од присутните членови опуштено си кажуваше што доживеал во текот на животот како лице со попреченост. Се редеа така членовите секој со своја приказна, изнесувајќи ги своите доживувања и препреките кои морале да ги совладаат за да се изборат за своите права и место во општеството. Режисерот и драматургот низ дијалог ги поттикнуваа нашите кажувања и фаќаа белешки за идниот текст на претставата што сакаат да ја реализираат. Јас лично изнесов неколку настани од мојот живот кои сум ги доживеал судирајќи се со предрасудите и неправдите, а заради полесно да ја разберат состојбата во која се наоѓаат овие лица, јас им отпечатив и неколку колумни кои се објавени во нашето списание. Една од тие колумни послужи за еден ефектен монолог на актерот на сцената, подоцна на премиерата на претставата, кој ги спореди ограничувањата за време на пандемијата од ковид со секојдневните ограничувања на лицата со попреченост.

По краток временски период бевме известени дека претставата е готова и дека премиерата ќе се одржи наскоро и бевме поканети да присуствуваме како гледачи.

Интересот за премиерата на претставата беше навистина голем бидејќи сите со нетрпение сакавме да видиме како нашите кажувања видени низ окото на режисерот, текстописецот и драматургот, ќе се оживотворат во претставата. Актерската екипа, која е наведена во уводот на овој напис, беше врвна и високопрофесионална така што изведбата беше совршено добра. Актерите толку се соживеаја со улогите што на човек му се чинеше дека тие лично ги доживеале сите оние неправди и стереотипи. Низ претставата провејуваа и снимени искази на нашите членови за време на интервјуто. Се нижеа потресни искази на маргинализирани луѓе кои во судир со системот очајно бараат некој да ги сфати и да им помогне за да ги остварат основните човекови потреби.

Преполната сала со гледачи беше до последно место зафатена и чинам да имаше и многу повеќе места исто ќе беше пополнета со оглед на интересот кој владееше не само кај нас членовите

и лицата со попреченост. Претставата беше толку емотивна што ретко кој од присутните остана рамнодушен. Јас лично се трудев да ги совладам емоциите, но солзите сами протекоа од силните емоции кои ги предизвикуваа актерите на сцената, и не само јас на тој начин ја доживеаја оваа претстава сите присутни во салата. Сите на свој начин се пронајдовме во претставата, некои од лично искуство а други од искуство на свои познати и роднини кои се судриле со неправдите на системот.

Дијалозите на актерите во претставата беа сублимирани искази на лицата со попреченост кажани при интервјуто и толку верно пренесени на сцената што се имаше впечаток дека тоа навистина им се случува на актерите со оглед на тоа дека некои од нив цело време како и публиката беа со солзи во очите. Потресни искази на лицата со попреченост се слушаа преку разгласот, сето вешто ускладено со случувањата на сцената. Режисерот и текстописецот точно ги погодиле најголемите проблеми со кои се соочуваат овие лица и дека суштината на проблемот лежи во системот кој не посветува доволно внимание за нивно решавање, а системот сме сите ние што е убаво кажано од него самиот во уводот пред да започне премиерата.

Накратко кажано, многу успешна претстава, содржинска и професионално одиграна од врвни актери кои верно ја отсликаа состојбата на лицата со попреченост и другите маргинализирани групи. Во оваа претстава активно учество имаше и нашата членка Биљана Тодоровска, која на крајот имаше свој настап и го кажа своето искуство како лице со телесна попреченост и незаинтересираноста на системот да се промени состојбата на овие лица.

Свое активно учество имаше и Весна Софрониевска, слепо лице, која исто така кажуваше што сѐ доживува во судирот со препреките кои секојдневно ѝ го отежнуваат животот и неправдите од страна на поединци, а пред сѐ од системот.

Како трет учесник во самата претстава свој настап имаше и Ивана Атанасоска, лице со ретко заболување - цистична фиброза, која ја изнесе нејзината секојдневна борба со системот сѐ со цел да се добие навремено лекот „трикафта“ со кој единствено



може да го спаси животот, но кој поради големата цена тешко се набавува, па некои од овие пациенти, чекајќи го лекот, ја изгубиле битката со болеста.

По претставата, во разговор со режисерот, инсистирав оваа претстава да се постави и на сцените во другите театри низ Македонија со цел што поголем број граѓани да ја видат и да се соочат со неправдите и препреките со кои се соочуваат овие лица. Режисерот ме уверуваше дека тоа е и целта на оваа претстава што поголем број гледачи да ја гледаат и да помогнат во борбата за правата на овие лица со кои секојдневно се среќаваат на улица, но малку кој се потрудил да сфати со кои сѐ препреки и неправди се судруваат тие. Засега оваа претстава ја гледаа само гледачите од Битола, но се надевам дека наскоро ќе се изнајдат средства и ќе се створат можности да се прикажи низ повеќе градови.

На крајот, би сакал да кажам дека и на овој начин со вакви уметнички проекти можеме да ги искажеме нашите заложби за едно похумано општество каде што нема да има маргинализирани лица и групи и каде што државата активно ќе се бори заедно со нас за совладување на препреките кои ни ги наметнува попреченоста. Браво за режисерот, браво за актерите, браво за сите кои учествуваа во создавањето на оваа прекрасна претстава за која најубаво наместо нас зборуваа солзите.

*Митко Фидановски*

# ВО ГЕВГЕЛИЈА ОРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА: ЕДНАКВИ ПРАВА ЗА СИТЕ

На 31. 1. 2024 година во просториите на Заедницата на инвалидски организации од страна на Здружението ПОДДРШКА беше организирана РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА**: *ЕДНАКВИ ПРАВА ЗА СИТЕ!***

На работилницата беа присутни претежно ранлива категорија на граѓани. Кога зборуваме за ранлива категорија зборуваме за лица кои се соочуваат со одреден вид попреченост, односно лица, членови на Здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност Гевгелија“, членови на Здружение на слепи и слабовидни лица, Здружение на лица со индивидуална попреченост „Порака“ и член на Здружението на глуви и наглуви лица Гевгелија.

Проектот Работилница со наслов:

**ЕДНАКВИ ПРАВА ЗА СИТЕ** е проект подржан од Регионалната програма за локална демократија на Западен Балкан -RELOAD 2, финансиран од ЕУ и програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)

Конкретно како главен проблем на оваа работилница и главно проблем со кои се соочуваат сите лица со попреченост е Дискриминацијата од страна на околината, соработниците, па, и, соучениците на лицата во уште од рана претшколска возраст кој е мошне изразен.

Работилницата ја отвори господин Лазо Трајков - поранешен социјален работник и личен асистент на лице со попреченост кој го изнесе со својот став.

На работилницата својот став го изнесе и дипломиран психолог и психотерапевт вработен во општата болница во Гевгелија г-ѓа Розета Андонова, која беше отворена за соработка со лицата со попреченост, ги објасни правилата за барање психолошка помош и поддршка и, ја покажа својата големина со тоа што ги охрабри членовите да побараат помош доколку тоа им е неопходно.

На работилницата исто така се обрати и г-ѓа Сашка, вработен психолог во Центарот за социјална работа Гевгелија, која им се обрати на членовите веќе познавајќи ги нивните секојдневни можности и проблеми, ги објасни формите на дискриминација и насилство посочи да не се прикриваат таквите проблеми и истите да бидат веднаш пријавени кај надлежните служби.

На крајот од работилницата беше дадена можност на членовите да дадат свој став и мислење преку дискусија и пополнување анкетен прашалник и од сето тоа се дојде до заклучок дека Лицата со попреченост се дискриминирани со тоа што не се во можност да си ги покажат своите квалитети, дел од нив, се соочуваат со финансиски проблем, не можејќи да најдат работа, дел од омаловажување од страна на околината и злоупотреба на самите работодавачи.

*Валерија Пеева*



# СВЕЧЕНО ДОДЕЛУВАЊЕ СКУТЕРИ

Уште при основањето на здружението во минатиот век, лицата кои дошле на идеја за создавање здружение наменето за лица со телесна попреченост, длабоко размислувале кој е постаментот врз кого треба да се темелат потребите за нивно непречено секојдневие. Неминовно поставиле теорема заснована со дефиницијата „подвижност, излезеност и видливост на лицата“, која ја срочиле во името што денес гордо го носи нашата национална организација МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА.

Здружението Мобилност Скопје тогаш и сега е цврсто кохезирано со идејата на создавачите од тоа време и агресивно продолжува да дејствува во таа насока со сите свои расположливи средства и можности.



Пандан на гореискажаното се придобивките низ годините и реализирањето големи проекти од страна на нашето здружение благодарение на повеќегодишна врска со градот Скопје. Еден таков екватантен пример е аплицираниот и одобрен од страна на Градот, проектот под име „Мобилна личност - успешна личност“. Овој грандиозен проект се однесува за набавка на 5 електрични скутери кои ќе бидат наменети за членови кои имаат целосна потреба од нив и во исто време ги исполнуваат критериумите за нивно управување. За оваа цел се формираа две комисии од лица одговорни за проектот при „Мобилност Скопје“ и одделот Социјала при Град Скопје. Тие имаа задача да го следат и да го спроведат целиот процес на реализација и доделување на е-скутерите. Комисиите го огласија конкурсот за аплицирање на членови кои ги исполнуваат условите за добивање право на користење и управување со скутерот (корисник на инвалидска количка, извештај од специјалист за психофизичка моќност во управување на скутерот, висина на месечни примања и активност на членот во секојдневието и потребите за здружението) по коешто комисијата за избор на апликантите со најголем број бодови, избраа пет лица на кои им беа доделени скутерите. Со завршување на извршниот дел од содржината на

проектот, тимот одреди датум за одржување настан за свечено доделување на скутерите односно 9 ноември непосредно до 11 ноември, Денот на ослободување на градот Скопје, за кој тесно се поврзани двете страни. Настанот се одржа во салата на средното училиште „Михајло Пупин", со почеток во 11 часот. На него присуствуваа повеќе лица од кабинетот и одделот за Социјала при Град Скопје, градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, директорот на училиштето, претставници од Ортопедската куќа „Славеј", неколку медиуми, наши членови и пријатели. Сите заедно се восхитуваа на грандиозниот подвиг кон „Мобилност Скопје", говорејќи во еден глас дека неговите членови - добитници ќе добијат можност за подобрување на квалитетот на нивното секојдневие, односно поголема мобилност за успешна личност, видливост, инклузивност, еднакви можности со околината, како и поквалитетен социјално и културно-забавен живот.

Градоначалничката за медиумите даде изјава дека секогаш ќе биде тука за нас како и за сите слични вакви подвизи кои ќе помогнат во сферата на брза интеграција на инвалидите во општеството како и нивна инклузија во секоја сфера на заедницата.

„Мобилност Скопје" изразува огромна благодарност кон Градот Скопје, кој е секогаш тука за нас и има апсолутно поддржувачки пристап кон лицата со инвалидитет. Ние остануваме фокусирани на патот за подобро утре на членовите со тенденција кон подобрување на предизвиците со кои тие се соочуваат во животот.

*Христина П.*



# ТРАДИЦИОНАЛНО ДЕФИЛЕ НА ШИРОК СОКАК 2023

На 1 октомври 2023 година, со поддршка од „Мобилност Македонија", „Мобилност Битола" го организираше традиционалното Дефиле на Широк Сокак, на кое беа поканети и присуствуваа членови на повеќе здруженија на Сојузот, меѓу кои од Штип, Кочани, Радовиш, Велес, Гевгелија и Кавадарци. Темата и годинава беше пристапноста, односно како таа е неизоставен дел од универзалниот дизајн, а во рамките на манифестацијата беше промовиран и Прирачникот за пристапен туризам, изработен во рамките на меѓународниот проект „Алтернативно туристичко искуство – Алтернативно патување" Алтер трип.

Дел од годинашното Дефиле беа и генералниот секретар на „Мобилност Македонија", Софка Прчева, ректорот на битолскиот Универзитет „Св. Климент Охридски" – проф. д-р Игор Неделковски, д-р Ирена Ружин и м-р Јове Парговски од НУ Завод и Музеј – Битола, и менаџерката на проектот АЛТЕР ТРИП, Ивона Јанкова. Претседателот на „Мобилност Македонија", Бранимир Јовановски, беше оправдано отсутен.

Настанот традиционално започна на плоштадот „Магнолија", каде што учесниците дадоа изјави за повеќе локални и национални медиуми, а по дефилирањето низ Широк Сокак, во ресторанот „Корзо" се одржа и работилница на тема „До пристапност со универзален дизајн" и промоцијата на Прирачникот за пристапен туризам. Претседателот на „Мобилност Битола", прим. д-р Нико Јанков, ја отвори работилницата со краток осврт на универзалниот дизајн и седумте принципи по кои треба да се водат сите при осмислувањето и уредувањето на просторот и опкружувањето.

Менаџерката на проектот АЛТЕР ТРИП, претставувајќи го сработеното во изминатите две години, нагласи дека најважното што го научија сите учесници во проектот е дека туристичките работници, и јавноста воопшто, не знае што подразбира пристапноста. Показател за тоа е и непристапноста на речиси 99 % од угостителските капацитети во Пелагонискиот Регион. Затоа, позитивно е тоа што за трите обуки се пријавија и учествуваа над сто вработени и надлежни од разни културни институции и угостителски бизниси од двете земји. Таа потсети дека сето она што го опфаќа туризмот е, пред сè, бизнис и најдобриот начин да се привлечат поголем број туристи (потрошувачи) е со примена на

универзален дизајн. Најдобар пример за тоа се големите супермаркети, чиј простор е осмислен да има најмалку можни пречки и што полесен пристап до производите: голем паркинг, широк и рамен влез со врати кои се отвораат автоматски, внатре е широко, добро осветлено и јасно означено што и каде се наоѓа. Сето тоа со цел да излеземе од таму со полна количка производи.

Како туристичките дејности да станат попристапни за сите, ќе помогне Прирачникот за пристапен туризам, за што повеќе детали споделија д-р Ирена Ружин и м-р Јове Парговски, кои се автори на изданието заедно со проф. д-р Ристо Речкоски и проф. д-р Иванка Несторoска од Факултетот за туризам и угостителство – Охрид. Тие, накусо, ја објаснија содржината на Прирачникот, која ја опфаќа законската регулатива за овој сектор, меѓународните стандарди за пристапност, најдобрите практики од светот и кај нас, како и исто толку важната пристапност на интернет.

Проф. д-р Игор Неделковски, пак, кој е долгогодишен пријател и поддржувач на „Мобилност Битола“, ја искористи пригодата да нагласи дека токму битолскиот Универзитет е единствен во државата чиј студентски дом има соби приспособени за лица со попреченост. Поголемиот дел од факултетите се пристапни до првиот кат, па најчесто се наоѓаат решенија испитите да се одржуваат на првите катови, додека за лифтови и други приспособувања потребно е да се најдат начини за собирање средства за нивна реализација.



Настанот кулминираше со дебата, во која се вклучија повеќе присутни. Нашата членка Симона Јовеска, која воедно беше и претставничка на Општина Битола, ги сподели своите искуства од патувањата, каде што пристапноста е релативно поголема од кај нас. Таа ги појасни и процедурите во општината за обезбедување пристапност и како здружението или граѓани поединци можат да доставaт барање за адаптација на конкретни локации.

Меѓу присутните беше и Менче Хаџи-Коста Милевска, претставничка на Центарот за култура – Битола, која учествуваше на обуките во рамките на проектот. Таа изрази задоволство што имаше можност да научи повеќе за пристапноста и тоа да го примени во работењето на оваа државна институција. Целиот објект во кој се сместени и Центарот за култура, 3Д Киното и Народниот театар – Битола, во наредниве години ќе биде темелно реконструиран и ќе биде пристапен за сите. За лица со намалена подвижност, во моментов им е овозможен пристап од задниот влез, преку сцената.

Во дискусијата се вклучи и Горан Џелајков од Гевгелија, споделувајќи искуства од неговиот град, а потоа дружбата продолжи до попладневните часови. Сè на сè, и ова традиционално Дефиле помина во одлична атмосфера, со стари и нови пријатели и сојузници. Благодарност до сите кои учествуваа на оваа манифестација, и се надеваме дека заедно ќе продолжиме да се бориме за остварување на нашите програмски и статутарни цели.

Прим. д-р *Нико Јанков*



# КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И ПРИЈАТЕЛИТЕ ВО ОХРИД

Широкиот спектар на настани кои Креативната работилница при „Мобилност Скопје“ низ годините ги приредува за своите членови и поддржувачи, апсолутно ги оправдува заложбите на нејзиното постоење. Од сите настани како еден од најголемите се издвојува традиционалната креативна работилница во Охрид. На неа зедоа учество голем број учесници од нашата работилница и гости креативци од сите здруженија надвор од Македонија со кои таа е во постојана релација и редовна двонасочна размена на гостувања. Работилницата во Охрид покрај својата уметничка силина, таа има огромен бенифит кон родовата еднаквост, односно учество на ист број учесници од машка и женска популација, независност од религиска, старосна и етничка припадност, голем социолошки акцент преку активни дружења со размена на искуства во секој сегмент, како и едукативен дострел за лицата со телесен инвалидитет. Токму затоа креативната работилница во Охрид е сублимат на нејзиното севкупно дејствување во годината.

Покрај работниот дел на настанот беа организирани и повеќе друштвени активности за кои непресушно охридскиот бисер им го нуди на своите посетители односно: посетување историски локации, културно-уметнички места, природни богатства, автентични места за одмор, плажи со поглед кон Охридското Езеро... Завршната вечер ја поминавме заедно и во пријатна атмосфера каде што ги разменивме импресиите од поминатите мигови и разговаравме за следни инвентивни заеднички работилници.

Креативната работилница продолжува по патот на својата цел, а притоа секоја прилика ја користи да им изрази благодарност на сите нејзини чинители без кои таа нема да биде истата, односно благодарност до своите членови, „Мобилност Скопје“, „Мобилност МК“, Градот Скопје како и сите останати нејзини верни пријатели и поддржувачи.

*Христина П.*



Оваа година настанот се одржа во времетраење од 10 дена, односно во првата јунска смена во апартманите на „Мобилност МК-Охридати“ во Охрид. На него покрај членовите од работилницата при Мобилност Скопје (домаќини на овој настан), зедоа учество и здруженијата од Р Србија (Здружението за МС од Врање, здружението за МС од Лесковац, здружението за МС од Бачка и здружението за МС од Инција) и здружението од Р Хрватска (Здружение на МС од Риека). На работилницата се изработуваа дела во техника декупаж и рачно изработен накит од мониста. За изработените дела говорат фотографиите, а за нивната вистинска вредност, готовите производи кои се поставени во витрината на домот од здружението.



# ПРОЕКТ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“: „КРЕАТИВНО И ПСИХОМОТОРНО ПРАКТИЦИРАЊЕ ЗА УСПЕШНА ИДНИНА“

Повеќегодишното учество на „Мобилност Скопје“ во јавните повици на Град Скопје, како и нивен константен позитивен одговор за негова успешна реализација подоцна, постави нови димензии на активностите на повеќе полиња во здружението. Еден од покомплексните проекти кои се спроведуваат последователно пет години по ред е проектот наменет во областа на социјалата, односно за оваа година со наслов „Креативно и психомоторно практицирање за успешна иднина“. На овој шестмесечен проект за 2023 година беа дефинирани повеќе активности спроведени преку настани со физичко присуство и онлајн предавања и работилници на фејсбук-страницата од „Мобилност Скопје“ и тоа; еднаш неделно креативни работилници за рачна изработка на накит на која учествуваа членови кои поседуваат дарба и желба за творење независно од нивната полова, старосна, религиска и телесна различност, две помасовни креативни работилници во Охрид и во Асамати на кои се изработуваа предмети во техника декупаж и каде што земаат учество здруженија надвор од Скопје проследени со голема видливост и медиумска покриеност, предавања од страна на едукаторот и мотивациски говорник д-р Жарко Костиќ за стекнување вештини во секојдневни проблеми со кои се соочуваат лицата, односно пронаоѓање брзи решенија за нивна анулација, како и работилници со психолог Бојана Петровска, која е секогаш тука за членовите на „Мобилност Скопје“ со цел да ги поттикне, насочи и посоветува како да пронајдат начини за поквалитетни животни исходи преку стручни психолошки техники.

Новитет на проектот оваа година претставува активноста за групно вежбање со физеотерапевтски методи, адаптирани за телото и духот на практикантот - спроведени од страна на специјалистот по физикална терапија Маријан Спасеноски. Овие часови се покажаа мошне интересни, но и значително корисни за членовите потврдено преку нивна масовна посетеност и побарување, следната година да се одржуваат повеќепати месечно. На овој интерес за оваа активност, одговорниот тим за учество на јавни повици и составување проекти при здружението, вети дека сериозно ќе размислува во градењето на новата програма за 2024 година и дека ќе ја имплементира во проектните активности предвидени за членовите во тековната година.

Заложбите на здружението во областа на социјалата се перманентни и на нив тоа ќе го посветува сето внимание со една единствена цел „како да ги поместиме маргините за лицата со телесен инвалидитет“.

*Христина П.*










# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО РЕСЕН

На 15 септември 2023 година, во ресторанот „Две лири“, во Ресен, се одржа работилница на тема распоредување (категоризација) на лицата со инвалидност. Во соработка со ЈЗУ Здравствен дом – Ресен, а најмногу со директорката д-р Сања Андоновска, ги договоривме деталите за оваа значајна средба. Во подготовките за работилницата, покрај претседателот на „Мобилност Битола“ – прим. д-р Нико Јанков – кој повеќе од 30 години бил член на комисија, беше ангажиран и проф. д-р Сашо Кочанковски, експерт за оваа проблематика и за човекови права, кој е и член на комисија практично речиси четири децении. На оваа средба беше поканет и претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, кој има темелно искуство во операционализацијата на идеите и потребите на лицата со инвалидност на највисоко ниво на државата.

Основната цел е да се согледа социјално-медицинскиот наспроти функционалниот модел на распоредувањето (категоризацијата) и првичните искуства во овој домен, вклучително и размислувањата на присутните – доктори, психолози, специјални едукатори (дефектолози), социјални работници и наставници при процесот на воведување и успешноста на терен. На присутните им беа појаснети терминолошките дилеми кои се среќаваат и одомаќинуваат.

Со воведот, претседателот на „Мобилност Битола“ ги упати присутните во суштината на нашите заложби за успешно и целисходно распоредување и пожелна рекатегоризација – прераспоредување во разумен рок, правовремено и целисходно. Проф. Кочанковски детално и преку споредбен пристап на Правилникот, ги објасни терминолошките и други дилеми кои стојат на патот на реализацијата. Претседателот на „Мобилност Македонија“ се осврна на моменти во прераспоредувањето на највисоко ниво и за неопходноста за заедничко дејствување на сите нивоа.

На работилницата учествуваа членови на „Мобилност Битола“ од Битола и од Ресен, медицински лица, социјални работници и наставници, на кои им беа доделени и сертификати за учество. За жал, и покрај поканата и директното залагање, на работилницата немаше претставници од локалната самоуправа од Ресен. Локалната самоуправа е најзначајна алка во функционирањето на процесот на инклузија во распоредување и во понатамошниот тек на нивната животна патека.





Се надеваме дека оваа работилница беше продуктивна и дека ќе пополни место во процесот на имплементацијата на добри практики на здруженијата на лица со инвалидност (попреченост) на животниот пат кон остварување на стратешките и програмски цели кои ги имаат зацртано.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ И „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ГИ ОДБЕЛЕЖАА 3 И 4 ДЕКЕМВРИ ВО БИТОЛА

По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 Декември и Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија – 4 Декември, „Мобилност Битола“ и „Мобилност Македонија“ заеднички организираа пригодна манифестација што се одржа на 3 декември 2023 година, во ресторанот „Гламур“ во Битола. На настанот присуствуваа членови на Сојузот од повеќе градови, меѓу кои: Скопје, Штип, Прилеп, Струмица, Дебар, Струга, Кочани, Куманово, Кичево, Свети Николе, Радовиш, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Ресен, Демир Хисар и Битола, а беше проследен и од повеќе локални и национални медиуми.

На самиот почеток изјави за медиумите дадоа претседателот на „Мобилност Македонија“ – Бранимир Јовановски, претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков и проф. д-р Сашо Кочанковски, кој присуствуваше во улога на предавач на тематската работилница.

Претседателот Јовановски, меѓу другото, нагласи дел од успесите на Националниот сојуз постигнати во 2023 година.

„Како пример ќе го истакнам подобрувањето на Законот за здравствено осигурување, односно измените и дополнувањата од месец септември оваа година кога конечно успеавме и повозрасните лица, односно не само лицата до 26 години, да бидат ослободени од партиципација во примарната и секундарната здравствена услуга, како и при земање на лекарства. Ова беше битно затоа што во принцип лицата со телесен инвалидитет и генерално лицата со инвалидност се на маргините на општеството, со ниски примања а многу почесто имаат потреба од одење на лекар заради санирање на својата здравствена кондиција, што значи овој трошок, иако изнесува до 70 проценти од минималната плата, сепак е доволен за некои семејства и затоа сметаме дека оправдана беше одлуката на Собранието да се до-



несат измените на Законот за здравствено осигурување. Инаку, во моментов работиме на новиот текст на Законот за градење, кој е многу битен за нас, бидејќи со него се решава можеби најголемиот проблем на лицата со телесен инвалидитет, а тоа е можноста за пристапност, за независно живеење, за слободно движење, можноста да влезат во институции бидејќи свесни сме дека во нашата држава има премногу скалила, премногу непремостливи архитектонски бариери и пречки, па искрено се надеваме дека вклучувањето на елементите за пристапност ќе биде основ за градба. Само така може да се реши ова прашање“, рече Јовановски.

Претседателот на „Мобилност Битола“, пак, се осврна на важноста на тематските средби – работилници, кои Здружението ги организира веќе 25 години.

„На сите овие средби се обработуваше одредена тема што е од интерес за лицата со инвалидност, посебно за лицата со телесен инвалидитет. Оваа година, имавме три такви работилници. Првата беше за категоризација и рекатегоризација на лицата со инвалидност, со патот кон реализација на законските можности за подобрување на севкупното живеење. Втората тема беше за пристапноста со универзален дизајн, како можност во иднина сè што се гради и се поправа да биде употребливо и пристапно за сите. Посебен акцент на оваа работилница беше даден на меѓународниот проект на ‘Мобилност Битола’ – ‘Алтер трип’ – и прирачникот за пристапен туризам изработен во негови рамки. Оваа трета работилница, во склоп на манифестацијата за Денот на лицата со телесен инвалидитет на Република Северна Македонија – 4 декември, е на тема менталното здравје кај лицата со инва-



лидност. Оваа тематика е многу важна, особено за одржување на рамнотежата на личноста во однос на надворешната средина или хармонична благосостојба“, објасни прим. д-р Јанков.

Подетално за важноста на менталното здравје зборуваше проф. д-р Сашо Кочанковски, долгогодишен пријател и поддржувач на „Мобилност Битола“.

„Менталната благосостојба како дел од целокупното здравје е многу важна бидејќи тоа е основно човеково право. За жал, сè уште треба да се работи за надминување на повеќе проблеми, пред сè, на стигматизирањето на телесната попреченост, да се почитуваат човековите права на лицата со телесна попреченост и да не се чувствуваат дискриминирано. Лицата со телесен инвалидитет имаат потреба од социјално вклучување, наспроти социјално исклучување кое предизвикува незадоволство, фрустрираност, анксиозност, стрес и други проблеми. Посебен проблем е изолацијата и осаменоста кои влијаат врз чувството на самодоверба и затоа ние помагаме да ја зајакнеме и охрабриме секоја личност со телесен инвалидитет“, истакна универзитетскиот професор и предавач на работилницата.

Манифестацијата беше збогатена со настап на КУД „Илинден“ – Битола, под раководство на Никола Ангелковски. Со зур-

ли и тапани, младите игроорци и музичари ги воодушевија присутните, изведувајќи сплет од традиционални игри и ора. За нивниот превоз се погрижија нашите пријатели од ТА „Миг Травел“.

Ниеден настан на „Мобилност Битола“ не би бил целосен без творештвото на своите членови, па присутните на оваа манифестација беа почестени и со поетско читање од нашите уметници Билјана Тодоровска од Битола, Сотир Чаушевски од Ресен и Кире Огненовски од Демир Хисар.

Во рамките на тематската работилница се разви и богата дискусија, во која учествуваа членови од повеќе здруженија, а пријатната атмосфера продолжи до попладневните часови. Сè на сè, оваа манифестација беше уште еден во низата успешни настани за оваа година и се надеваме дека и понатаму ќе продолжиме со ист интензитет.

Прим. д-р *Нико Јанков*





# УЧИМЕ АНГЛИСКИ

Еден од аплицираните проекти на „Мобилност Скопје“ за 2023 година и позитивно одговорен од страна на Град Скопје, беше проектот за изучување базичен англиски јазик, насловен „Познавање на англиски јазик за полесна инклузија и вклучување во општествените текови“. Нашето здружение насочувајќи се кон целите на своето дејствување, внимателно размислува кои се алатките за потребите на нашите членови со кои тие ќе настапат пред предизвиците во секојдневието. Англискиот јазик е јазикот на кој комуницираат огромен процент жители во светот, јазик кој е имплементиран во телекомуникациските мрежи, образовни процеси, бизнис-комуникации, производни процеси или едноставно кажано алатка со која комуницираат сите сфери на Земјината топка. Неговото познавање и користење за нашите членови претставува огромно богатство лицата да бидат дел од човековата модерна заедница, односно да се конкурентни на пазарот на трудот, спонтани во образованието, солидно квалитетни во сферата на социјално-културно-друштвените текови како и на сите останати полиња каде што интеракцијата и комуникацијата се фундаментот на личноста.

Поради оваа цел, „Мобилност Скопје“ одлучи за своите членови да спроведе образовна програма за стекнување основни познавања по англиски јазик. Часовите се одржуваа двапати неделно, секој понеделник и четврток од 19 часот до 21 часот. На нив присуствуваа десетина члена кои преку професионалните методи за едукација од страна на професор Фросина Саздовска при, Едукативниот центар Johnson academy, се здобија со основни познавања по англиски јазик во секојдневна комуникација и лесно канализирање при извршување на работните задачи на лицето во животното секојдневие и општествените текови. По завршување на двомесечниот проект, членовите добија сертификати за познавање основен англиски јазик и едногласно потврдија дека оваа едукација и доедукација им е потребна на сите наши членови, особено на помладите и лицата во продуктивниот период од нивниот живот.



„Мобилност Скопје“ изразува благодарност до Град Скопје за верната поддршка, на Академијата и проф. Фросина за професионалните образовни методи и секако благодарност до вредните членови на здружението кои активно земаат учество во понудените содржини од програмата на здружението валоризирано како нивен субјективен и објективен добробит.

Здружението ќе ја продолжи мисијата за реализирање идни проекти преку кои ќе се стреми да ги оправда целите на своето постоење.

*Христина П.*

# СОРАБОТКА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ СО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ



Една од по значајните компоненти за развој на личноста во следење на општествени текови се музеите. Тие се установи кои содржат збирки на артефакти и други предмети од научно, уметничко, културно и историско значење, поставени во соодветни витрини и поставки достапни за посетителите за нивно запознавање. За оваа цел Мобилност Скопје упорно дејствува можноста за редовна посета на музеите да биде култура на живеење за своите членови.

Овој пат реализиравме релација со „Музејот на современа уметност на град Скопје“ каде на 13 декември преку првата посета на нашето здружение кај нив, го означивме почетокот на идната соработка.

Музејот е специфичен градски објект кој е поставен на извонредна локација и изграден во автентичен стил на постмодерно Скопје. На неговиот лик идентични се неколку зданија -симболи на градот создадени од светски архитекти и уметници кои се доброволно пристигнати во градот после големиот земјотрес 1963 година со цел изградба на ново Скопје. Покрај историските поставки, во овој музеј има спој на експонати од модерни и современи збирки кои отсликуваат денешни и идни дела а се тесно поврзани со градот и секојдневието на луѓето во него и светот.

Музејот следејќи ги модерните трендови во светот за брза имплементација на основните човекови права за еднакви можности, воведува едукативна програма насловувајќи ја „Тура на инклузивност» која подразбира континуирано вклучување на лицата со инвалидитет во својата образовна и изложбена програма. Проектот беше иницијалната каписла да се започне заемната соработката и во иднина таа континуирано да се димензионира преку организирани настани. На оваа посета присутните од Мобилност Скопје имаа можност да посетат три изложби;

-Иднината како проект(изложба за архитектурата на постземјотресно Скопје)

-Самостојна изложба „Горчлив шеќер» на Ѓорѓи Јовановиќ (модерни метафорични предмети кои ја отсликуваат сегашноста и со доза на критички потсмев ги отсликуваат лошите нејзини навики)

- „Сè што ни е заедничко“ изложба на групни локални и светски автори.

Секоја изложба нудеше интересни содржини со свои стилови и перцепции за кои што присутните добиваа конкретни знаења преку предавањето од страна на кустос Бојана и нејзините одговори на прашањата поставени од нашите членови.

Следните посети се веќе договорени, „Мобилност Скопје“ ќе ја следи динамиката на музејот и ги повикува сите нејзини членови како и другите од останатите здруженија на „Мобилност Македонија“, да се приклучат кон можноста да бидеме дел од ваквото корисно интерактивно дружење.

*Христина П*

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА КВИЗ



На 14 септември 2023 година, во просториите на „Мобилност Битола“ се одржаа квалификации за квиз. И покрај раното известување, одѕивот беше слаб, но петте пријавени кандидати беа доволни за да ги добиеме најдобрите три. Така, екипата од Битола годинава ја сочинуваат Митко, Билјана и Нико, а како резерва тука се Кире и Борис. Со задоволителни резултати, „Мобилност Битола“ се надева на солиден пласман.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# МИА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“




Македонската информативна агенција – или накусо МИА – преку своите дописници редовно ги следи и известува за настаните на „Мобилност Битола“. Непосредно пред крајот на 2023 година, МИА известуваше за прославата за одбележување на Меѓународниот ден на лица со попреченост – 3 Декември и на Националниот ден на лицата со телесен инвалидитет, односно на „Мобилност Македонија“ – 4 Декември, што се одржа во Битола. Заради многуте новости и активности на „Мобилност Битола“, уредниците ја препознаа потребата од континуирана промоција и поддршка на нашите програмски и статутарни цели, и одлучија разговорот на нивниот дописник проф. д-р Марјан Танушевски со претседателот прим. д-р Нико Јанков да го објават во проширена форма на почетокот на годинава.

Акцентот беше ставен и на постигнатото во минатите 36 години, а особено во текот на 2023, но и на плановите за новата 2024 година.

- Лицата со инвалидност се еднакви граѓани во овој град и држава. Сите сакаат да ги уживаат сите права, да живеат среќни во заедницата, а за да тоа биде така тука сме ние од „Мобилност Битола“, кои ги вложуваме нашите знаења и искуства за да помогнеме. Впрочем, тоа го потврдуваат активностите реализирани во текот на целата мината година бидејќи нашата програма е континуирана. Потсетувајќи се на најважните настани што ги одржавме во 2023 година, тогаш не можам а да не потсетам на пријатни и работни средби што се одржаа во Битола, Прилеп, Ресен, но и во соседните градови Лерин и Солун во Грција, и секако големиот саем за туризам во Барселона. Сите настани беа во функција на лицата со телесен инвалидитет и притоа одржавме три работилници на три теми посветени на менталното здравје, пристапност и користење на туристичка понуда за лица со инвалидитет, и тема посветена за категоризација на лицата со инвалидност. Оваа тема е посебно важна затоа што во текот на животот лицата со инвалидност подлежат на распоредување (категоризација), но и на прераспоредување заради промена на здравствената состојба. Кај нив вообичаено состојбата е иста или влошена, а со интервенции може и да се подобри. Но, со распоредувањето лицата ќе може да се рехабилитираат, но и хабилитираат, односно да се вработуваат и да користат повеќе поволности од и во заедницата, рече претседателот на „Мобилност Битола“ за МИА.

- Во 2023 година го завршивме меѓународниот проект „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ (Алтер трип), имплементиран во рамките на ИПА Интеррег Програмата за прекугранична соработка со Грција (2014-2020) и кофинансиран од Европската Унија и националните фондови на земјите учеснички. Овој проект е наменет, пред сè, за подобрување на пристапноста во туристичкиот и културниот сектор, а воедно отвори пат или патоказ за тоа како во соработка со институциите на системот да овозможиме пристапност до разни објекти, но и да го збогатиме животот на лицата со инвалидност. Притоа не мислам само на лицата со физичка инвалидност, туку и на лицата со пречки во видот, слепи и слабовидни лица, лица со оштетен слух или глуви лица, дополни тој.

Посебен мотив за нас се новите социјални услуги и социјална заштита, како и новите законски решенија, посебно во Законот за градба, за кој поддршка има и од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет „Мобилност Македонија“.

- Подобрувањето на Законот за здравствено осигурување, односно измените и дополнувањата од месец септември минатата година овозможи и повозрасните лица, односно не само лицата до 26 години, да бидат ослободени од партиципација во примарната и секундарната здравствена услуга, како и при земање на лекарства. Во „рацете“ на пратениците се и измените на Законот за градење, кој е многу битен за нас, бидејќи со него се решава можеби најголемиот проблем на лицата со телесен инвалидитет, а тоа е можноста за пристапност, за независно живеење, за слободно движење, можноста да влезат во институции, бидејќи свесни сме дека во нашата држава има премногу скалила, премногу непремостливи архитектонски бариери и пречки. Тоа го воочивме низ нашите истражувања, а во рамки на проектот „Алтер трип“, кој во месец март минатата година го претставивме на меѓународниот саем за туризам „Б-травел“ во Барселона. Имено, заедно со нашите партнери од Грција бевме во Барселона, учествувавме на голем настан, ја посетивме Италијанската трговска комора во Барселона и споделивме искуства со добри практики од нашите земји. На саемот, нашиот штанд беше посетен од многу посетители од целиот свет, а дел од нив најавија посета на нашиот град во кој токму ние овозможивме подобрување на условите за туризам кој ќе го користат лица со инвалидитет. Се поврзавме со туристички организации и со туристички работници кои се непроценливи за нашето етаблирање на меѓународниот простор како респектабилен партнер и одговорен организатор и реализатор на настани и програми, нагласи Јанков.

Додава дека сакаат во 2024 година да имаат подобрена и зголемена комуникација со институциите на системот на локално и национално ниво, како и поддршка од новинарите. Можеби, посочува Јанков, не секогаш проблемите се видливи на втор поглед, но секогаш треба да излегуваат на виделина.

- Што помалку пречки, толку поголема слобода за движење. Веруваме дека ќе се подобри културата на однесување и пристап во решавањето на проблемите за да не се случува постојано да повторуваме дека ни се потребни паркинзи, рамни влезови, осветлени и означени места, лифтови... Што им е потребно на лицата со телесен инвалидитет е напишано во меѓународни и/или домашни нормативи, и единствено што треба да се направи е примена во пракса на тие документи. Во меѓувреме, ние ќе продолжиме да ги поддржуваме новите здруженија кои се формираат за да помагаат на лицата со телесен инвалидитет, како што на пример е Здружението „Иднина на традицијата“ на лица со инвалидитет и попреченост од Ресен кои минатата година ја одбележаа првата година од постоењето, а ние во знак на почит и желба за соработка со нив потпишавме Меморандум, заклучи примариус д-р Нико Јанков, претседател на „Мобилност Битола“.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ РЕДОВЕН ГОСТИН ВО МНТ

Културолошката компонента за градење на личноста е секако една од побитните елементи во неговиот социјален живот. „Мобилност Скопје“ водејќи се од оваа реална дефиниција своите дејствија ги насочува кон посетување и редовно учество во музеи, театри, ликовни изложби, музичко-сценски дела, концерти и слично. Праксата покажа дека театарот за нашите членови е еден од поинтересните за нив куќи каде што тие се чувствуваат комфорно и го доживуваат она коешто ги води во свој имагинарен свет на забава и за миг оттргнување од реалното секојдневие заменето со друго време во друг простор.

Имено, речиси цели пет години нашето здружение е во постојана релација со Македонскиот народен театар, кој е еден од култните национални театри во нашиот град и држава. МНТ го сочинуваат извонреден тим на раководството, плејада од врвни актери, неверојатни претстави со секаков вид содржини и жанрови, топол автентичен ентериер и пристапна нова зграда. Сето ова е апсолутна причина, членовите да бидат редовни посетители на секоја од избраните претстави за нас со побарување на карта плус од лимитот. Во овие години бевме сведоци на бројни комедии (Мој термин, Кец на десетка, Лагата...) и драми (Ничија земја, Сите сме птици, Бесачи, Народен непријател, Животот на Молиер...). Сите овие театарски претстави се реномирани дела режирани од големи режисерски имиња, а играни од докажани професионални актери кои на публиката им создаваат слики за секојдневието преплетено со тага, бес, психолошки растројства, негативни ликови пандан на сегашни чудни светски умови, несоодветни семејни вредности, распад на системи, државни афери, братоубиствени војни и наспроти тоа смеа, хумор, убави моменти, интересни ликови, среќни разрешници, трајни пријателства и вредности. Публиката на „Мобилност Скопје“ посетувањето театар го постави како своја редовна месечна активност во рамките на програмата активности на здружението и го валоризира со позитивни коментари на секоја заедничка средба.



Понесени од исходот на овој културолошки елемент во секојдневието на нашите членови, „Мобилност Скопје“ ја продолжи релацијата со МНТ, односно ги безицира првите четири претстави за почетокот на 2024 година.

Се гледаме во театар!

*Христина П.*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ПРЕТСТАВАТА „8 %?“ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ АТО БИТОЛА - ОСВРТ

По повеќемесечни истражувања и подготовки, Центарот за современа култура и уметност АТО од Битола, на 11 декември 2023 година, во Центарот за култура во Битола, премиерно ја одигра новата документарна претстава со наслов „8 %?“. Членови од „Мобилност Битола“ присуствуваа на премиерата, откако претходно беа дел и од истражувачката фаза, каде што ги споделија своите искуства.

„’Велат дека сме 8 % , можеби сме толку, а може и да не сме, можеби сме и нешто повеќе, ние мислиме дека сме повеќе, но статистиката не вели така...’, го презедов ова од Даринка Веслиевска, со која бев на претставата“, започнува да ги раскажува своите впечатоци нашиот член Сотир Чаушевски од Ресен, страстен љубител на театарот, кој и самиот има долгогодишно искуство со режија.



Пред два-три дена ја имавме таа чест заедно со Даринка Веслиевска, претседател на ЖАР Преспа - Ресен, да ја гледаме оваа претстава, да слушнеме колку луѓе од нашето место, нашата средина, општество, нашата држава се дискриминирани, без лекови, без права и без пристап, ограничени, затворени без слобода на движење, со еден збор немаат живот како што би сакале и живот каков што би можеле да живеат. Боли заклучокот: системот е виновен, а системот сме сите ние, системот сум и ЈАС!

Оваа претстава треба да се проследи пред голема публика и да допре до сечија свест и совест, па да поместуваме секој по едно камче на почеток за да изградиме ѕид на солидарност и емпатија, да помогнеме колку можеме!

Лице сум со попреченост и тешко ја примив претставата. Тешко, затоа што режисерот, драматургот, актерите ја кажаа целата вистина за лицата со некаква попреченост, не, со секаква попреченост.

Боли вистината, боли и тоа многу, а не можеш како единка ништо да поправиш.

►

Што да кажам:

Радосен сум што ете некој ја поткрена болката, барем да се слушне.

Драматуршки, режисерски, актерски приказ до перфекција. Браво за сите.

Публиката е мојата надеж дека нешто ќе се менува. Публиката која во текот на целата претстава беше толку мирна, а вознемирена од сè што се прикажуваше. И се надевам дека ќе стане и ќе побара да се поправат условите, начинот и многу други работи.

Јас можеби нема да видам, но знам дека мора и треба нешто да се менува...

Претставата «8 %?" е работена според истражување и интервјуирање на лица од различни градови во државата кои биле изложени на дискриминација, семејно насилство и системски неправди. Мило ми е што и јас бев дел од тоа истражување. Можеби со нешто сум помогнал.

По неколку месеци истражувачка фаза, на која работеа режисерот и коавторот во соработка со актерите и интервјуираните лица, во претставата се раскажуваат различни непријатни вистини кои се сензитивни за македонскиот народ како и за системот. Вистини кои лицата се плашат да ги кажат на глас. Вистини кои општеството не ги препознава или најстрашно - ги одбегнува.

Заклучокот од истражувањето и пораката на АТО Центар заедно со театарскиот тим до јавноста е дека: „Системот сме ние, и ние го градиме системот! ОДГОВОРНИ СМЕ СИТЕ!»

„8 %?" е поддржана од Германската агенција за меѓународна соработка - ГИЗ Северна Македонија. Автор и режисер на претставата е: Јован Ристовски, коавторка е Весна Куслеска, костимограф Марта Дојчиновска и драматург Билјана Крајчевска. Улогите ги играат: Марија Стефановска, Наталија Ристеска, Соња Михајлова, Никола Пројчевски и Петар Горко.

Во битолските изведби учествуваа и нашата членка Биљана Тодоровска, Весна Софронијевска од Здружението на слепи лица од Битола и Ивана Атанасоска од Здружението за цистична фиброза. По премиерните изведби во Битола, на почетокот на 2024 година ќе гостува и во повеќе градови низ државата.

*Сотир Чаушевски*

## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

**Секоја година во ноември се организира турнир во табла.**

**Во организација на кое здружение се организира овој турнир?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

**„Мобилност Тетово".**

Во канцеларијата на Мобилност Македонија дадениот рок пристигнаа мал број на писма, само 10, сите со точен одговор. Добитникот на наградата во овој број на списанието е:

## БЛАГОЈ МИТКОВ

член на „Мобилност Велес"

Наградата е викенд за две лица во хотелот **„Струшки Галеб"** во Струга со платени трошоци за превоз во висина на автобуската карта. Наградата може да се користи од **1 мај до 30 септември** во тековната година.

Донатор на оваа награда е управникот на хотелот „Струшки Галеб" во Струга. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија" на телефон бр.: 075 437 381.

Веруваме дека наградата викенд за двајца во Струга е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

Се надеваме дека интертесот за наградната игра во наредниот период ќе се зголеми, а ние ветуеме дека поставените прашања ќе бидат полесни. Во овој број очекуваме одговори на што поголем број на наши членови-читатели на весникот.

Наградно прашање за овој број на весникот гласи:

**„Мобилност Македонија" за своите членови организира одмор и закрепнување во Охрид во сопствените капацитети.**

Прашањето за овој број на списанието „Мобилност" гласи:

**Колку објекти за одмор и закрепнување Сојузот поседува во Охрид?**

Веруваме дека одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека доколку сте редовен читател на весникот МОБИЛНОСТ и учествувате во работата на „Мобилност Македонија" треба да го знаете одговорот на ова прашање.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса „Мобилност Македонија" на ул. „11 Октомври" 42-а Скопје, со назнака **ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**, најдоцна до **31Мај 2024 година.**

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија". Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кој го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд покрај Охридското Езеро во Струга.

*С.Прчева*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА КОНЦЕРТ

„Авалон продукција“, „Вибе продукција“, „Балкан медија продукција“ итн. се дел од продукциските куќи со кои „Мобилност Скопје“ е во константна релација за добивање катче од подиумот на кое членовите на нашето здружение имаат можност да присуствуваат на концертите од многубројни домашни и странски музички ѕвезди. Оваа ексклузивна можност е создадена и одржана благодарение на нашиот раководен тим како и високото ниво на концертна култура што ја покажуваат членовите уживатели на музичките спектакли во живо.








Годината 2023 за скопската публика беше година во која многу звучни имиња од домашната и EX YU сцената продефилираа на бините во големите скопски сали и придонесоа Скопје да дише во духот на светските метрополи.

„Мобилност Скопје“ имаше чест да ја почувствува атмосферата на три поголеми концерта организирани од страна на гореспоменатите продукции, кои пак успеаја да ги донесат великаните на поранешната ју-сцена дома кај нас. Овие извевдувачи и после децении на музичката сцена, гласат за ѕвезди на регионот, односно нивните песни и музика се неизбежни хитови на која било приватна и општо друштвена забава во нашиот град и држава, односно:

- Концертот на „Црвена јабука“ и ненадминливиот фронтмен на групата, вокалистот Дражен Жериќ-Жера, кои за публиката во салата „Јане Сандански“ на 10 октомври ги испеаја безвременските хитови: „Некако с прољеча“, „Туго несречо“, „Тамо где љубав почиње“, „Бежи кишо с прозора“ итн. На него присуствуваа 30 члена кои имаа можност да се присетат како некогаш со овие хитови ги поминале своите денови во младоста, првата љубов, првото разочарување, роденденски и матурски прослави, но и помлади лица кои во еден ист глас ги пееја нумерите наследени од нивните претходни генерации.

- Вториот концерт, одржан на 16 декември, во салата „Борис Трајковски“, беше концертот на легендарниот авангарден текстописец, композитор, вокалист и неуморен експлицитен борец против човечки неправди, Бора Чорба и неговиот бенд

„Рибља чорба“. На овој концерт присуствуваа поголем број наши членови кои се сведоци на илјадници секојдневни спомени за едно време од голем број генерации кои растеа со нивните песни и ги пееја во еден глас во салата безвременските: „Амстердам“, „Два динара друже“, „Немој да идеш мојом улицом“ итн.

- Третиот концерт се одржа на 24 декември во салата „Јане Сандански“ каде што и по трет пат за 2023 година членовите на нашето здружение - фанови на рок-звукот на групата и рок-поп пејачот Бајага, „Бајага и инструктори“, уживаа, пееја и играа на познатите нивни хитови. Хитовите на групата („Немој да се зезаш са мном“, „Тамара“, „Моји су другови“, „300 на сат“ итн.) и незаменливиот баритон на харизматичниот Бајага, беа и се нумери без кои не може да се замисли ниту една забава од минатото и сегашното време.

„Мобилност Скопје“ покрај овие три концерта имаше можност да обезбеди посета и на други концерти во 2023 година, но распределбата на севкупните активности за годината и посветување на секоја од нив, бара ангажман за квалитетот на нивните извршувања и од таа причина ветува дека за претстојната 2024 година ќе продолжи со трендот на дејствување во културно-забавниот живот за членовите и им најавува соработки со досегашните (на кои сме им неизмерно благодарни) како и идни продукциски куќи и останати општествено одговорни институции, центри и фирми кои ќе ни помогнат во намерата за еднакви можности со околината да уживаме и бидеме дел од музичкиот живот на познатите пејачи и групи.

*Христина П.*

# ИЗЛЕТ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО РЕСТОРАН „ПОТКОВИЦА“

Почетокот на есента традиционално, години наназад, „Мобилност Скопје“ ја поистоветува со прекрасно дружење и организирање излет за своите членови и пријатели во некое од нашите излетнички места и ресторани во градот. За оваа цел, здружението одлучи на ден 1 октомври во ресторан „Потковица“ (ресторан сместен на прекрасна локација непосредно до Коњичкиот клуб во Хиподром, уреден со фантастична хортикултура и апсолутна пристапност) да го одржи својот годишен излет. На него присуствуваа голем број членови на „Мобилност Скопје“, членови од другите градови при „Мобилност Македонија“, наши пријатели и поддржувачи со кои заедно во текот на целата година соработуваме, извршуваме задачи, учествуваме во активности, твориме и се трудиме да постигнеме успеси на сите полиња неопходни за целите на фелата во која припаѓаме. Прекрасниот сончев ден, богатата програма, беспрекорната организација, звуците на групата „Круна“ и магичниот глас на Орде Неделковски, придонесоа присутните да поминат еден незаборавен ден.

Во склоп на овој ден, по одлука на раководството на здружението, кон излетот се фузира уште еден голем годишен настан - одбележување на светскиот ден на Церебрална парализа при кое што денот доби голема форма и тежина.

Во чест на денот и сите предизвици со кои се соочуваат лицата со оваа дијагноза, говореше претседателот на огранокот на ЦП при „Мобилност Скопје“, Горан Стојчески, кој накратко ја образложи историјата на самото заболување, наведе голем број статистички примери и податоци за лицата во светот кои секојдневно живеат и се борат со неа, предизвиците на лицата со медицината, релацијата на лицето со ЦП и семејството итн. по коешто Стојчески заклучи дека засегнатите и одговорните мора „итно“ да тежнеат кон подигнување на свесноста за неа како и потребата со голема „агресивност“ да се дејствува во борбата за подобрување на правата и потребите во животот на лицата со ЦП. По завршување на обраќањето од страна на претседателот, на подиумот настапи стенд-ап комичарот Игор од „Зевзекманија“, кој успеа со својата полчасовна глума да изнуди многу насмевки на лицата кај публиката.

„Мобилност Скопје“ им се заблагодарува на сите поддржувачи на настанот, ги поздравува членовите и сите учесници во намерата да учествуваат масовно на вакви и слични активни дружења и продолжува во континуитет да чекори кон извршување на активности со уште поголеми цели во иднина.

*Христина П.*







# ТРАДИЦИОНАЛЕН ИЗЛЕТ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“



На 17 септември 2023 година, „Мобилност Битола“ успешно го реализираше традиционалниот излет за своите членови од Битола, Демир Хисар и од Ресен. Годинава првпат беше обезбеден пристапен превоз со адаптиран автобус од агенцијата „МИГ Травел“ од Битола, во чиј возен парк за меѓуградски сообраќај има голем број пристапни автобуси со вградена платформа за количка, што значително го олесни патувањето за дел од нашите членови.

Дестинацијата годинава беше Крушево, каде што членовите имаа можност да посетат неколку знаменитости. Првата станица беше манастирот „Св. Преображение“, познат како вториот дом на легендарниот Тоше Проески, за кого љубезните домаќини раскажаа дека го посетувал уште од детството, а подоцна учествувал во неговото возобновување. Турата потоа продолжи кон Крушевскиот крст, висок 33 метри, исто така изграден по идеја на Тоше, каде што присутните уживаа во прекрасната панорама и чистиот планински воздух.

Потоа, екипата се упати кон Спомен-куќата „Тоше Проески“, која е еден од најпристапните културни објекти во земјава, а најпристапен во Пелагонискиот Регион, според резултатите од нашиот проект „Алтер трип“. Како што нѐ информираа вработените, музејот наскоро ќе стане уште попристапен за лицата со попречености, односно ќе бидат претставени и тактилни поставки кои уште повеќе ќе им го приближат Тоше на лицата со оштетен вид. Во согласност со закон, влезот во сите музеи за лицата со попреченост е бесплатен, а турата низ богатото наследство на Тоше ја водеше кустосот Надица Талеска.

Последниот дел од излетот беше поетското читање од нашите членови Билјана Тодоровска од Битола, Кире Огненовски од Демир Хисар и Сотир Чаушевски од Ресен, на кои им се придружи и малата Михаела Стефановска. Организаторот обезбеди и лесен ручек, сендвич и пијалак, а пред самиот крај, дел од членовите го посетија и гробот на Тоше. Убавото и сончево време се задржа речиси до самиот крај, кога нѐ испратија првите капки дожд.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ГОСТИН НА 50-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ КАЈ СОЈУЗОТ ЗА ЦДП СРБИЈА




Човековата заедница е заснована на постојани меѓусебни комуникации и бесконечни односи на луѓето во неа. Тој начин на градење заедница е основна дефиниција и во светот на лицата со инвалидитет кои дејствувајќи заеднички создаваат услови за нивно по брзо интегрирање во општеството односно остварување на основните човекови права за еднакви можности.

Мобилност Скопје низ годините на своето постоење апсолутно делува во таа насока на градење мостови за комуникации со други здруженија ширум нашата држава и надвор од неа градејќи искуства како последица на тие заемни односи.

Во контекст на горе искажаното, нашето здружение имаше огромна чест овој пат да биде покането од страна на Сојуз за Церебрална и Детска парализа- Србија и Сојузот за

ЦДП-Белград, по повод 50-годишниот јубилеј од нивното постоење. На поканата нашето здружение одговори позитивно и со задоволство зема учество на јубилејот.

Дводневниот настан се одржуваше на 5 и 6 октомври, на неколку локации на Белград, каде што Сојузот на Србија направи спектакуларна дводневна манифестација со присуство на огромен број нивни здруженија со кои тие се во нераскинливи врски, поддржувачи, челни влијателни лица од поли-




тичкиот и општествениот живот на државата како и медиуми и новинари од многу портали на регионот. Главната цел на овој настан беше да се покажат сите дејствија и придобивки на сојузите во тој половина век, но и обединување за уште поагресивно дејствувања во иднина. Во говорите на челните лица на сојузите како и поединци директно и индиректно засегнати со потребите и проблемите на лицата со овие дијагнози, беа потенцирани; видливост, информираност, еднакви можности, минимизирање на дискриминацијата, кршење на стереотипите за лицата, тежнеење кон силна социјална компонента, новитети во областа на лекови и ортопедските помагала, учество и заложба на двигателите во министерствата и институциите во државата, особено во областа на здравство, образование, социјала, економија, право итн.

Овој настан внимателно го следеше нашиот претставник Горан Стојчески - претседател на огранокот за ЦП при „Мобилност Скопје“, кој собра огромни искуства од соседството



и успеа да создаде мост на релации помеѓу Сојузот на Србија и нашето здружение. Тие искуства имплементирајќи ги, секогаш се покажале успешни и допринеле да се прошират видиците на делување на нашата организација кое што и овој пат веруваме дека ќе го следиме како големо искуството.

„Мобилност Скопје“ се заблагодарува на поканата од страна на Сојузот за ЦДП-Србија и останува будно во досегашните и идни комуникации со пријателските здруженија кои постојат со идентична цел.

*Христина П.*

# ПРОМОЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „АЛТЕР ТРИП“ ВО ЕМИСИЈАТА „ПАТОКАЗ“ И „ТВ ТАКСИ 28“ НА МРТ

Проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“, или накратко „Алтер трип“, којшто „Мобилност Битола“ го имплементираше во рамките на ИПА Интеррег Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020, продолжува да буди интерес кај медиумите. За активностите во рамките на проектот се заинтересираа и други новинари, кои сакаа да дознаат повеќе за сработеното и перспективите кои ги нуди за лицата со попречености во областа на туризмот.

Имено, на 13 октомври 2023 година, во емисијата „Патоказ“, која се емитува на Македоско радио – Радио Скопје, новинарката Елизабета Пауновска речиси цела емисија ја посвети токму на нашиот проект. Таа разговараше со проектната менаџерка Ивона Јанкова, која детално ги објасни сите фази на проектот, кои се крајните резултати и на кој начин ќе придонесат за развој на пристапниот туризам во Пелагонискиот Регион. Особено



беше нагласено дека пристапноста и понатаму е на ниско ниво, но дека со работа на ваквите проекти можеме во релативно пократко време да видиме конкретни и реални резултати.

Сето тоа и визуелно беше доловено во емисијата „ТВ Такси 28“, која се емитува на МРТ1. Во нивната епизода, посветена на инклузијата, екипата на ТВ Такси дојде во Битола, за да го промовира првиот град на Балканот со туристичка понуда наменета за лицата со попречености. Главниот збор овде го имаше нашиот експерт м-р Јове Парговски, кој ги изработи тактилните табли што се веќе поставени на соодветните локации низ Битола, а збор-два кажа и проектната менаџерка Ивона Јанкова. Епизодата бр. 14 со наслов „Инклузија не е илузија“ можете во целост да ја гледате на следниот линк: https://youtu.be/31a4Hattpmo?si=TFPnxW1qXp5VYVTj.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# 36 ГОДИНИ И ЗАБАВА ЗА НОВА ГОДИНА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На 24 декември 2023 година, во претпладневните часови во ресторанот „Корзо“, во Битола, „Мобилност Битола“ организираше двојна прослава по повод 36 години од основањето на Здружението и по повод претстојните новогодишни и божикни празници. За таа пригода, покрај воведната презентација што се задржа најмногу на активностите во 2023 година, како и на пораките од минатото кон целите и перспективите за иднината, присутните преку видеоколаж се присетија на достигнувањата и најзначајните моменти во изминатите 36 години. Видеото остави длабок впечаток кај 53-темина гости, меѓу кои членови на „Мобилност Битола“ од Битола и од Демир Хисар (Ресенчани беа оправдано отсутни), нашите традиционални гости во последниве триесетина година – „Мобилност Штип“, како и нашите долгогодишни пријатели и поддржувачи: проф. д-р Игор Неделковски, ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и м-р Весна Неделковска од „ГАУС Институт“, Катерина Ѕвездаковска од ортопедската куќа „Славеј“ и адвокатот Александар Танчевски – Ѓуш.

По повод годишнината од основањето, „Мобилност Битола“ додели и признанија и пофалници за своите најактивни членови и соработници. Така, пофалници за зголемена активност добија нашите членови: Биљана Тодоровска од Битола, Сотир Чаушевски од Ресен, Кире Огненовски од Демир Хисар, Стеван Цветановски од Битола, Дарко Спировски од Битола, Горан Димчевски од Демир Хисар и нашите најнови пријатели ТА „МИГ Травел“ од Битола, додека признанија им беа доделени на: градоначалникот на Општина Битола – прим. д-р Тони Коњановски, нашиот секретар Митко Фидановски, членовите на УО – Кире Ангелковски, Фанче Георгиевска и Сотир Јоновски, менаџерката на меѓународниот проект „Алтер трип“ – Ивона Јанкова и дизајнерот на сите наши плакати, летоци, презентации и на нашата веб-страница (на четири јазици: македонски, англиски, француски и грчки) – Горан Талевски. Признание доби и „Мобилност Штип“, за активна соработка и поддршка.

Прославата потоа продолжи со предновогодишна забава, со музика во живо од Менде и Јасмина од „Носталгија бенд“, а на забавата со игра, ора и насмевки се придружија и пензионерите инвалиди. Се надеваме дека позитивното расположение од оваа прослава ќе продолжи и во Новата 2024 година. На сите наши членови, сограѓани и граѓани на Република С Македонија им посакуваме добро здравје, среќа и бериќет во годината што ни доаѓа, и со заеднички сили да продолжиме да ги оствaруваме нашите програмски и статутарни цели, за подобар живот за сите! Среќни празници, ви посакува „Мобилност Битола“.

Прим. д-р *Нико Јанков*







# ПРЕДНОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО РЕСТОРАН „РАГУЗА“

На 24 декември 2023 година во ресторан „Рагуза 919“, „Мобилност Скопје“ ја одржа предновогодишната прослава. На неа присуствуваа голем број членови од Скопје, членови од повеќе градови на „Мобилност Македонија“, пријатели од здруженијата за МС од Врање и Лесковац, здружението на дистрофија од Лесковац и верните пријатели-поддржувачи на здружението (Ортопедската куќа „Славеј“ со директорот Горан Чаловски и заменикот Борче Стојков, генералниот секретар на „Мобилност МК“, Софка Прчева, и нашата верна, хумана и професионална д-р Соња Бојаџиева).

Прославата ја отвори претседателот на „Мобилност Скопје“, Гоце Миновски, кој им се заблагодари на сите за присуството и им посака топли желби за добро здравје и среќа во новата 2024 година, по коешто даде краток говор и рече:

- Плодната година што изминува е една од најактивните години на последната деценија во која вредниот тим од поединци, поголем број спортисти и слични активисти, без кои секако немаше да се постигне успехот, ги реализираа сите проекти, работни задачи, спортски и културно-забавни настани како и собири за активни дружења со социјална компонента. Со ова се потврди содржината и целите за постоењето на здружението, рече Миновски.

На заслужните поединци им беа доделени пофалници за вреднување на нивниот труд, но и знак за провокативен мотив во привлекување нови лица со нови идеи во иднина.

Автентичната сала на ресторан „Рагуза“, украсена во апсолутно новогодишен декор за присутните, создаде атмосфера која изнуди воодушевувања. Забавниот дел им припадна на група „Адреналин бенд“, но спектаклот на подиумот го создаде реномираниот естраден уметник Бобан Цаневски, на чии вокални способности никој не остана рамнодушен во салата и заедно со него во еден глас ги изведуваа песните.

Прославата започна и заврши со еуфорична атмосфера, мина за миг и на крајот сечие насмеано лице велеше дека ова е тоа што дефинитивно му треба на нашиот дух и тело!

СРЕЌНА НОВА 2024 ГОДИНА!!!

*Христина П.*











# НОВОГОДИШНА ПРЕТСТАВА „ДЕДО МРАЗ, МЕЧИЊАТА И ПЛАЧКО“

„Мобилност Скопје“ на 26 декември за најмладите членови од здружението во концертната сала при ДХО „Даре Џамбаз“, ја одржа свечената Новогодишна манифестација за доделување пакетчиња.

На неа присуствуваа голем број дечиња, родители, членови и поддржувачи на здружението кои збирно сите беа веселата публика на Новогодишната претстава за деца и младинци «Дедо Мраз, мечињата и Плачко» во изведба на актерите Ѓорги Тодоровски -Трупче, Елизабета Клиничаревска-Младеновска, Крсте Јовановски и Инес Радончиќ а во режијата на Викторија Анѓушева. Извонредната глума на двете мечиња, вистинскиот и лажниот Дедо Мраз, за децата беше уникатен новогодишен спектакл кој изнуди многу насмевки и создаде имагинарен свет од бајките кој за миг секое дете сака да го почувствува. По завршување на претставата следуваше доделување пакетчиња и сликање со Дедо Мраз.

За хуманоста и без резервното пријателство, Мобилност Скопје изразува благодарност до нашите „неуморни поддржувачи“ од Град Скопје (претставувани на настанот од заменик-градоначалник Александар Трајановски), Општина Центар и господин Горан Герасимовски, група КРУНА, Комерцијална банка АД Скопје, Младинската асоцијација на студенти при медицинскиот факултет на чело со нивната и наша д-р Соња Бојаџиева и театарот Среќа, без кои овој настан немаше да добие ваква димензија.

Со овој прекрасен ден, нашето здружение ја заокружи плодната со активности стара година и даде ветување дека ќе продолжи со истото темпо и во новата.

СРЕЌНА НОВА 2024 ГОДИНА!

*Христина П.*









# ОРГАНИЗИРАН ПРЕДНОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ЦЕНТАРОТ НА ГЕВГЕЛИЈА

Во организација на Општина Гевгелија, во Гевгелија ,веќе неколку години традиционално се организира десетдневен Предновогодишен базар на кои учествуваат различни групи и категории на граѓани од регионот. Оваа година на 29 декември во Центарот на градот и, Членовите на Мобилност Гевгелија учествуваа со свој штанд на новогодишни украси, и слатки задоволства кои беа изложени и случајните минувачи имаа можност да купат. Имаше многу новогодишни украси како (лампиони, украсни свеќички, дедомразовци, украсни играчки за деца и слично) кои беа продавани по цени достапни за секого. Набавените производи беа спонзорирани од локалните бизниси од Општина Гевгелија и Општина Богданци, а дел од производите беа изработени и од вредните раце на нашите членови. На штандот покрај новогодишни украси исто така имаше и украсни слатки задоволства кои граѓаните имаа можност и да ги вкусат.

На овој убав ден „Мобилност“ ги израдува и најмалите свои членови со новогодишни подароци.

*Валерија Пеева*



# ОДРЖАНО РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА „МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА“ И СТАРА НОВА ГОДИНА

На 17 јануари со почеток, во 13 часот во просториите на Здружението беше одржана редовна седница на Годишно собрание. На седницата беше прочитан дневниот ред од страна на претседателот, беше соопштено за секоја промена, беше прочитан и појаснет извештајот за работа со цел членството да се потсети на активностите од претходната година, беше прочитан и појаснет Финансискиот извештај, се изврши увид на финансовите документи од страна на надзорниот Одбор, беше приложена Предлог-програма со Финансов план за 2024 година. Исто така беа донесени и значајни Одлуки, и, на крај се пристапи кон усвојување на Завршната сметка за 2023 год .

По завршување на седницата членовите традиционално ја одбележаа Стара нова година Василица со традиционално кршење на Василичарската погача и предавање на кумството за Следната година И како што е редот Претходниот кум Катерина Димова започна со делење на погачата посакувајќи им здравје и среќа на сите присутни. На овогодишната прослава паричката се падна во Велика Стојанова, која посака здравје мир и благосостојба во секој дом и достојно го прифати кумството за следната година.

*Валерија Пеева*



# ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ И 4 ДЕКЕМВРИ - ДЕНОТ НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

Здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност Гевгелија“ го одбележа 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, и 4 Декември, Националниот ден на лицата со телесен инвалидитет со трибина и промоција на играта Бочија, која се одржа на 2. 12. 2023 во Пионерски дом Гевгелија. Почетокот на трибината го означи претседателот на „Мобилност Гевгелија“, г-ѓа Даниела Гошева-Кангов, која пред сè им посака топло добредојде на поканетите гости а, на членовите им го честита 3 Декември.





На трибината јасно беше нагласи дека на локално ниво од минатата година до сега многу од поставените барања и цели се остварени, се донираа три електромоторни помагала од страна на Општина Гевгелија, се донираше адаптирано комбе од Фондација „Ице Бегов“ на општина Гевгелија, на кое како крајни корисници сме ние, од Центарот за социјална работа Гевгелија на заедницата на инвалидски здруженија беше донирано возило за потребите на сите здруженија, се воведе личната асистенција преку Црвен крст Гевгелија, како провајдер и давател на услугата, и се направија пристапни рампи на тротоарите по целата должина на улицата Маршал Тито од двете страни, со што се овозможи лицата со количка да можат да се движат по неа. Како што нагласи и самата:

Работа има уште многу, инклузијата ќе се случи тогаш кога општеството и бизнис секторот и сите ќе овозможат да нема архитектонски бариери, и тогаш кога ќе ни се обезбедат соодветни, модерни и соодветни ортопедски помагала кои ни се неопходни за да се движиме.





На трибината Кратко обраќање имаше и градоначалникот на општина Богданци господин Блаже Шапов, кој изрази надеж за уште поголема соработка во иднина. Исто така, свое обраќање имаа и двете пратенички во Собранието, г-ѓа Ангелинка Петкова и Г-ѓа Марија Костадинова, директорката на Центарот за социјална работа, г-ѓа Васка Илиева, и секретарот на Црвен крст, господин Лазар Мешков.

Откако на присутните гости и наши поддржувачи им беа врачени благодарници, Александар Талески ги објасни правилата на играта Бочија, и ревијално игравме сите заедно. Играта Бочија може да ја играат лица со најтешка телесна попреченост. Во групи по четворица натпреварувачи се играше играта заеднички- лицата со инвалидитет и гостите. Задоволството беше големо кај сите да се види инклузија на дело.

*Валерија Пеева*





# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ПРОСЛАВА НА СТАРА НОВА ГОДИНА/ВАСИЛИЦА 2024

На 10. 1. 2024 година, во ресторанот „Корзо“ во Битола се одржа прослава по повод Стара нова година/Василица. На настанот присуствуваа 26 членови на „Мобилност Битола“ од Битола и од Ресен. Дружбата помина во пријатна атмосфера со вкусна храна и опуштени разговори.

Традиционално, во Битола и околниот регион, за Василица се врти и мазник со паричка, а оној што ќе ја пронајде во своето парче ќе има најмногу среќа во новата година. Парето годинава се падна кај нашата членка Билјана Поповска, на која ѝ посакуваме среќна и успешна година, исполнета со здравје, љубов и среќни мигови, и остварување на сите желби и планови!

Прим. д-р *Нико Јанков*





# ЈАВЕН ПОВИК ЗА АДАПТАЦИЈА НА ПРИСТАПНОСТ, МОБИЛНОСТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ

Со оглед на тоа дека не секој од членовите има можност да ги следи објавите од локалната самоуправа, мислам дека е добро и во нашето списание да известиме за теми кои се однесуваат на нас и на решавањето на нашите проблеми.

Општина Битола објави Јавен повик за искористување на средства за адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема за пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост, односно инфраструктура и опрема за пристапност, мобилност и функционалност, опфаќа адаптација на веќе постоечки или изградба на нови пристапни рампи, или набавка и монтажа на фиксни или преносни пристапни рампи (опрема), платформи и лифтови, направи за искачување на скали со инвалидски колички во домот на лицата со попреченост, со цел надминување на висински растојанија или други физички препреки или бариери до и во домот, адаптација на делови од домот во физичкиот простор (приспособување на тоалет, промена на врати со соодветна ширина за инвалидска количка, правење на пристапни патеки итн.), како и набавка на опрема која е наменета за користење од страна на лица со попреченост која ќе им ја олесни мобилноста и/ или функционалноста на лицата со попреченост во и надвор од нивниот дом.

Искористувањето на средствата е во согласност со Правилникот за искористување на средства од програма за социјална заштита на Општина Битола за 2024 година во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата.

Потребната документација и условите за пријавување можат да се најдат во самиот правилник, објавен на линкот, или да се подигнат од Општина Битола Бул. „1 Мај“ бр. 61 на шалтер број 1. Периодот на пријавување е отворен во текот на цела година до целосно искористување на средствата.

https://www.bitola.gov.mk/javen-povik-adaptacija/

Јавниот повик на Општина Битола секако заслужува пофалба, меѓутоа од искуството на една наша членка, која бараше парични средства за изградба на една мала пристапна рампа од тротоарот пред зградата каде што живее, може да се каже дека и ваква добра идеја лесно ќе залута низ административните лавиринти. Имено, за да може да конкурира и овие средства меѓу другите документи што требаше да ги достави ѝ беше побарано дури и градежна дозвола. Сепак на крајот сè се заврши со изградба на рампата и доделени средства за тоа, со поедноставена процедура.

*Митко Фидановски*

# ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ГОЛБАЛ «А» ДИВИЗИЈА





Од 8 до 16. 12. 2023 година, во спортскиот комплекс „Верде“ во Подгорица, Црна Гора, во организација на Параолимпискиот комитет на Црна Гора се одржува Европско првенство во голбал на «А» дивизијата, на кое настапуваат најдобрите 10 екипи во машка конкуренција и најдобрите 9 екипи во женска конкуренција од стариот континент.

Првопласираните репрезентации во машка и женска конкуренција добиваат директна квота за учество на Параолимписките игри во Париз 2024, а двете последни екипи се селат во «Б» дивизијата за следната година.

На покана на организаторот, претседателот и генералниот секретар на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски и Драган Дојчиновски, присуствуваа на отворањето на овој спортски спектакл, заедно со колегите од Параолимписките комитети на Србија, Зоран Миќовиќ и на Босна и Херцеговина, Сабахудин Делалиќ.

Првенството свечено го отвори министерот за спорт и млади и потпретседател на Владата на Република Црна Гора, Драгослав Шќекиќ, а поздравни говори имаа и претседателот на ИБСА, Илгар Рахимов, претседателот на Европскиот параолимписки комитет, Рејмонд Блондел, како и претседателот на ПКЦГ, Игор Томиќ.

На коктелот, по завршување на церемонијата на отворање, претседателот на ПКСМ, Бранимир Јовановски оствари средба со претседателот на ЕПК, Рејмонд Блондел, при што го запозна со работата на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија и тешкотиите и предизвиците со кои се соочуваме како комитет во реализација на програмските активности, воедно афирмирајќи ги постигнувањата на македонските спортисти на меѓународната сцена.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАН ПАРАОЛИМПИСКИ ЧАС ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ЧЕТВРТА ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

На 11. 12. 2023 година, претседателот на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски, заслужен спортист на Македонија и врвен тренер во стрелаштво, во амфитеатарот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, одржа инклузивен параолимписки час на студентите од четврта година на тема „Потребата од спорт и спортска рекреација на лицата со инвалидност, предизвици и бенефити», во рамките на часот по рекреација кај проф. д-р Горан Никовски.

Во излагањето беа опфатени повеќе аспекти на потребата од организирана телесна вежба за лицата со најразличен вид и степен на инвалидитет, за дефиницијата на лицата со инвалидност, терминологијата што се употребува, категоризација според видот и степенот на попреченоста, дека спортот и телесната вежба не се резервирани само за здравите лица, туку дека лицата со инвалидност имаат еднаква потреба (ако не и поголема) да се занимаваат со некоја организирана форма на физичка вежба, тренинг, спорт и спортска рекреација во обидите да го намалат ризикот од таканаречените модерни болести (стрес, дебелина, дијабетес, нервози, анксиозност, болести на срцето и крвните садови и многу други), дека за нив занимавањето со спорт и спортска рекреација претставува многу повеќе од здрава разонода. Всушност, преземените активности на ова поле придонесуваат во нивното пси- ▶

хофизичко приспособување, во нивната победа врз сопствените чувства на помала вредност и неспособност, социјална интеграција и чувство на радост кон враќање во живот, како и сознание дека инвалидноста не значи и неспособност.

Притоа, беше дискутирано за аеробното вежбање со сите негови физиолошки карактеристики, индикатори на оптоварување (внатрешни и надворешни), и бенефитите што ги носи истото за благосостојба на организмот на физичко, психолошко и социјално поле.

Потоа за најголемите недостатоци за ефективно и ефикасно учество на лицата со инвалидност во разни форми на спорт и спортско-рекреативни активности (пред сè непристапни спортски објекти, недостаток на адаптиран превоз, обележан паркинг-простор, недостаток на специфична спортска опрема и стручни кадри, како и недоволно финансиски средства за организирање и спроведување на овие активности).

Исто така беа презентирани специфични ортопедски помагала (протези, ортози, инвалидски колички за разни спортови) кои ги користат спортистите со инвалидитет, а беа презентирани и повеќе врвни домашни и меѓународни спортисти, носители на медали од највисок ранг на натпревари.

Едукативниот час е дел од промоцијата на параолимпискиот спорт во наставно-образовните институции, поттикнат од програмата, целите и задачите на Меѓународниот параолимписки комитет.

*Б. Јовановски*






# ПАРАОЛИМПИСКИОТ КОМИТЕТ НА САМИТ НА СПОРТСКИ НОВИНАРИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

На 7. 12. 2023 година, во Собранието на РСМ, под слоганот „Улогата на спортот во создавање на здрав животен стил", се одржа Самит на големи спортски имиња на спортот и спортското новинарство од Југоисточна Европа.

Организатори на настанот беа асоцијацијата на спортски новинари на Југоисточна Европа и Олимпискиот комитет на Северна Македонија.

Модератор на самитот беше Бошко Трпевски, а на говорницата говореа министерот Оливер Спасовски, претседателот на ОКСМ, Даниел Димовски, претседателот на Српскиот олимписки комитет, Божидар Маљковиќ, професорите Нано Ружин, Чедомир Саздовски и Влатко Неделковски, потоа Раде Георгиевски познат кошаркарски работник, Јура Озмец, новинар од Хрватска и генерален секретар на асоцијацијата на новинари на Југоисточна Европа и Максим Димитриевски, градоначалник на Куманово кој во својот говор искажа голема благодарност за поканата и приликата да ги претстави резултатите на полето на развојот на спортската инфраструктура во Куманово, како и присуството на големите кумановски олимписки асови, Реџеп Реџеповски и Бранимир Јовановски, кои со своето присуство дадоа тежина на настанот.

„Куманово продолжува да се развива на спортски план, а спортистите се најголеми амбасадори на една држава, така било и така ќе остане" - истакна Димитриевски.

Се дискутираше како спортот уште повеќе да се доближи до младите, за градење на здрав начин на живот и развивање на вештвото, како императив во градењето на спортската култура на генерациите кои доаѓаат.

Деканот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје изнесе загрижувачки податоци за рапидно зголемената дебелина кај младите генерации во одредени делови во Македонија од 48 проценти, што е лош показател и за санирање на состојбата е потребно да се преземат итни мерки.

Се констатира дека е во завршна фаза изработката на Национална стратегија на спортот, во подготовка од ОКСМ, која дава надеж и нов импулс во однос на развојот на спортот во РСМ.

*Б. Јовановски*



# ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИК НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ (ИПЦ) НА ПАРАОЛИМПИСКИОТ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ПКСМ)

Од 6 до 8. 12. 2023 година, во посета на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија (ПКСМ) беше претставничката на Меѓународниот параолимписки комитет (ИПЦ), Ивана Костадиновиќ, координатор од Одделот за развојни програми при ИПЦ.





За време на тридневната посетата на Комитетот и остварената инспекција со мошне обемна агенда, Ивана одржа повеќе состаноци со претседателот и генералниот секретар на ПКСМ, на кои беше разгледан нашиот Статут, неговата комплементарност со Статутот на ИПЦ, потоа начинот на избор на органите и телата, мандатот на истите, служба со која располагаме и ангажирани лица во ПКСМ, стратешки план, цели и мисија на комитетот, начинот и стабилноста на финансирањето, маркетинг и комуникации и дали имаме посебна служба за тоа, начин на лобирање, спонзори, и многу други теми.

За време на инспекцијата беа истакнати добрите страни на Комитетот, но беше укажано и на недостатоците, а беа дадени и соодветни препораки за подобрување на состојбата, кои треба да ги имплементираме во следниот период до одржување на редовната годишна седница на Собранието на ПКСМ.

Ивана Костадиновиќ одржа одделен состанок со неколку искусни спортисти на кој присуствуваа: Ванчо Каранфилов, Александар Јовановски, Рубинчо Ристески и Тајна Ристеска, на кој дискутираа за можностите што им ги пружа комитетот во нивниот тренажен процес и учество на натпревари, услови за спроведување на тренажен процес, што е она што тие мислат дека може и треба да се промени или надгради.

Исто така, во рамките на посетата на комитетот, директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсовски, организираше работна средба во просториите на агенцијата со претставниците на ИПЦ и ПКСМ, на која се дискутираше за законската легислатива, разбирањето за потребата од спорт за лицата со инвалидност, пристапноста на спортските објекти, поддршката и финансирањето на спортот на лицата со инвалидност и други теми за развој и поддршка на спортот за овие лица.

*Б. Јовановски*

# СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО ВО ЛИМА, ПЕРУ

Македонскиот спортист Александар Јовановски, придружуван од неговиот тренер Бранимир Јовановски и асистентот и тим-лидер Драган Дојчиноски, од 19 до 29. 9. 2023 година учествуваа на Светското првенство во стрелаштво пара-спорт, што се одржа во Лима, Перу, на кое учествуваа 260 спортисти од 54 држави. За жал, нашата најдобра спортистка, Оливера Наковска-Бикова, и покрај сите напори, заради семејни обврски мораше да го пропушти настапот на ова првенство.

На ова првенство се освојуваа и директни квоти за учество на Параолимписките игри во Париз 2024. На располагање беа 33 директни квоти од кои 12 во пиштолски дисциплини.



Александар Јовановски во квалификацискиот период годинава постигна минимум норми за настап во две дисциплини и тоа во дисциплината П4- 50 метри пиштол слободен избор, и во дисциплината П1-воздушен пиштол мажи на 10 метри, па затоа тоа тој влезе во борба за една од четирите квоти кои се доделуваа во овие две дисциплини.




На 24. 9. 2023 година на Светското првенство во стрелаштво во Лима се одржа дисциплината П4-малокалибарски пиштол слободен избор на 50 метри. Александар, во конкуренција на 33 натпреварувачи, со резултат од 491 круг (72, 86, 85, 84, 88, 76) го освои 31. место. Натпреварот го започна видно возбуден, првата серија ја стрелаше во грч и ниту еден совет целосно не вроди со плод, меѓутоа видно се поправи во следните 4 серии, за да на крајот, во последната серија влезе во цајтнот и стрелаше 11 кругови послабо од својот најдобар резултат во ова дисциплина, постигнат на Гран-при натпреварот во Нови Сад (502 кругови).




На 27. 9. 2023 година, на програмата на Светското првенство во стрелаштво во Лима, Перу, беше дисциплината П1-воздушен пиштол мажи на 10 метри. Александар Јовановски, во конкуренција на 39 натпреварувачи, го заземе 31. место со резултат од 543 кругови (85, 93, 94, 92, 86, 93), десетина помалку од очекуваното. Ова беше последна борба на првенството за добивање на директна квота за учество на Параолимписките игри во Париз 2023 година, така што Александар слично како и на претходниот натпревар, влезе во натпреварот под голем притисок и оптоварување кој траеше во текот на целата прва серија. По неколку совети се врати во фокус и стрелаше коректно, но направи уште еден пад во петтата серија што на крај резултираше со резултат од 543 кругови, недоволен за висок пласман на првенството.



Уште едно големо искуство за Александар, се надеваме дека од настапите на ова првенство ќе извлече одредени поуки кои ќе му бидат од корист на последниот квалификациски натпревар за учество на ПОИ Париз 2024, во месец јуни на Европското првенство во Гранада, Шпанија.

*Б. Јовановски*

# 35. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 28-29. 10. 2023 година, во хотелот „Конгресен центар“ во Охрид, во организација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – „Мобилност Македонија“, во соорганизација со Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, се одржува 35. Државно првенство во шах за лица со телесен инвалидитет на Македонија, на кое учествуваат 21 шахист од нашата држава и двајца учесници од Бања Лука.



Првенството помина во фер и коректна борба, сите недоразбирања беа решени од страна на судијата Тони Пајдаков, брзо и согласност со правилата на играта, но понекогаш со посилни емоции од страна на натпреварувачите заради желбата за освојување на што е можно повеќе поени кои носат и подобар пласман на табелата.




Првото место го освои Даниел Нунески од Охрид со освоени 6 поени (од седум можни), второто Горан Војновски од Кочани со 5,5 поени и третото Јанчо Ѓорѓевски од Куманово со освоени 5 поени. Првопласираните 10 спортисти (во овој случај 12 заради гостите од Бања Лука) се стекнуваат со директен пласман за следното државно првенство.

Средства за ова првенство се обезбедени преку Министерството за труд и социјална политика.

Конечен пласман:

1. Даниел Нунески6 поени30,5 Бухолц
2. Горан Војновски5,5 поени29,5 Бухолц
3. Јанчо Ѓорѓевски5 поени28,0 Бухолц
4. Момчило Сопрениќ5 поени26,5 Бухолц
5. Ѓорѓе Видовиќ4,5 поени30,0 Бухолц
6. Амид Јусуфи4,5 поени26,0 Бухолц
7. Насер Мустафа4 поени30,0 Бухолц
8. Трајко Илиоски4 поени28,5 Бухолц
9. Мирослав Бучевски4 поени24,5 Бухолц
10. Васко Јакимов4 поени21,5 Бухолц
11. Александар Стојчески3,5 поени32,0 Бухолц
12. Селим Исмани3,5 поени26,0 Бухолц
13. Тоде Арсов3,5 поени23,5 Бухолц
14. Димитар Цафовски3,5 поени22,5 Бухолц
15. Зоран Димов3,5 поени22,0 Бухолц
16. Димитар Илиевски3,5 поени21,5 Бухолц
17. Сашо Гечев3,5 поени17,5 Бухолц
18. Слободан Димоски3 поени24,5 Бухолц
19. Томе Ивановски3 поени20,5 Бухолц
20. Коле Андов2,5 поени23,0 Бухолц







21. Нусредин Маловски2,5 поени21,0 Бухолц
22. Илија Ѓорѓиевски1 поени23,0 Бухолц
23. Иле Панзов1 поени22,0 Бухолц

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ 2023

На 21. 10. 2023 година, во спортската сала „Јасмин“, во Кавадарци, во организација на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, се одржа Државно првенство на Македонија во пинг-понг за спортисти со инвалидност.

На натпреварот настапија 35 спортисти со телесен инвалидитет и 18 глуви спортисти, поделени во 6 категории.

Резултати на спортисти со телесен инвалидитет:

**Жени-класа** 5-10

1. Лилјана Мицовска - Кочани;
2. Оливера Наковска-Бикова - Битола;
3. Олга Ристовска - Кисела Вода - Скопје;
4. Наташа Црвенковска - Битола;
5. Тајна Ристеска - Прилеп;
6. Магдалена Делова - Кавадарци.

**Мажи-класа** 3-5

1. Зоран Јовановски - Струмица;
2. Бранимир Јовановски -Куманово;
3. Васил Росомански - Кавадарци;
4. Александар Јовановски -Скопје
5. Љупчо Каракутовски -Кавадарци.

**Мажи-класи** 6-8

1. Рубинчо Ристески - Прилеп;
2. Марјан Зафировски -Прилеп;
3. Тони Митровски - Скопје;
4. Николчо Делов - Кавадарци;
5. Игорчо Постолов - Струмица;
6. Ванчо Каранфилов - Скопје;
7. Златко Биков - Битола;
8. Дончо Чамбов - Велес;
9. Огнен Илиески - Прилеп;
10. Антон Коцевски - Велес;
11. Александар Насковски.

**Мажи-класа** 9-10

1. Страшко Коцевски - Куманово;
2. Ненад Диниќ - Кисела Вода, Скопје;
3. Дејан Алексовски - Кисела Вода, Скопје;
4. Митко Сотироски - Охрид;
5. Небојша Ташиќ - Куманово;
6. Кристијан Божиновски - Скопје;
7. Вјечислав Корјакин - Скопје.

**Жени-глуви и наглуви**

1. Севдија Велиова - Штип;
2. Маја Маркова - Кисела Вода, Скопје;
3. Марија Русовска - Кисела Вода, Скопје;










4. Валбона Цикова - Кавадарци.

**Мажи-глуви и наглуви**

1. Ристо Ѓиков - Кавадарци;
2. Томица Стојановски - Кисела Вода, Скопје;
3. Алим Алимовски - Кисела Вода, Скопје;
4. Мустафа Велиов - Штип;
5. Зоран Арсов - Велес;
6. Зоран Мидовски - Прилеп
7. Даниел Михајловиќ - Скопје;
8. Горан Митревски - Скопје;
9. Есад Исљамагиќ - Скопје;
10. Мустафа Бекировски - Куманово;
11. Бурхан Махмудовски - Куманово;
12. Васко Марков - Скопје
13. Сенад Османовски - Битола;
14. Тихо Русовски - Скопје

Средства за одржување на ова првенство се обезбедени од средствата за финансирање на програмските активности на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет на Северна Македонија за 2023 година, трансферирани преку Министерството за труд и социјална политика.

*Б. Јовановски*





# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО СО ВОЗДУШНО ОРУЖЈЕ 2023

На 22. 10. 2023 година, на стрелиштето „Беј Бунар“ во Охрид, се одржа државното првенство во стрелаштво за спортисти со инвалидност на Република Северна Македонија, во организација на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија.

На првенството настапија 11 спортисти со телесен инвалидитет и 6 спортисти со оштетен слух, кои се натпреваруваа во своите категории во дисциплините пушка и пиштол - микс. Судии на натпреварот беа Валентина Гоџовска (пушка), Бранимир Јовановски (пиштол) и Драган Дојчиноски - техничка организација на натпреварот, а натпреварот помина во фер и спортска атмосфера. Средства за одржување на овој натпревар беа обезбедени од Министерството за труд и социјална политика и од Агенцијата за млади и спорт.





Спортисти со телесен инвалидитет

**Воздушен пиштол микс телесни** (мажи и жени)

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Кругови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Оливера Наковска-Бикова | Битола | 93 | 95 | 95 | 93 | 95 | 95 | **566** |
| 2 | Александар Јовановски | Скопје | 87 | 92 | 86 | 90 | 92 | 95 | **542** |
| 3 | Ванчо Каранфилов | Скопје | 88 | 90 | 91 | 87 | 86 | 89 | **531** |
| 4 | Небојша Пејоски | Струга | 89 | 83 | 77 | 82 | 85 | 84 | **500** |
| 5 | Златко Биков | Битола | 78 | 70 | 65 | 66 | 71 | 84 | **434** |

**Воздушна пушка СХ1- микс телесни** (мажи и жени)

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Кругови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Јовановски | Струмица | 72 | 80 | 77 | 75 | **304** |
| 2 | Бранимир Јовановски | Куманово | 77 | 79 | 83 | 65 | **304** |
| 3 | Ванчо Каранфилов | Скопје | 83 | 68 | 77 | 75 | **303** |
| 4 | Мендо Дивјаковски | Битола | 81 | 67 | 59 | 81 | **288** |
| 5 | Стеван Ангелоски | Прилеп | 73 | 67 | 62 | 65 | **267** |
| 6 | Олга Ристовска | Скопје | 67 | 55 | 61 | 60 | **243** |
| 7 | Влатко Најдовски | Прилеп | 60 | 58 | 50 | 70 | **238** |
| 8 | Златко Биков | Битола | 62 | 73 | 34 | 59 | **228** |





Глуви и наглуви спортисти

**Воздушен пиштол микс глуви и наглуви** (мажи и жени)

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Кругови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Светлан Седмаков | Скопје | 90 | 86 | 89 | 88 | 90 | 87 | **530** |
| 2 | Даниел Михајловиќ | Скопје | 85 | 86 | 87 | 92 | 87 | 90 | **527** |
| 3 | Горан Митревски | Скопје | 68 | 61 | 65 | 75 | 84 | 81 | **434** |
| 4 | Нина Гуровенко-Пејчиќ | Гевгелија | 90 | 86 | 88 | 89 | 84 | 84 | **521** |

**Воздушна пушка глуви микс** (мажи и жени)

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Кругови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даниел Михајловиќ | Скопје | 75 | 68 | 78 | 69 | **291** |
| 2 | Светлан Седмаков | Скопје | 63 | 77 | 63 | 65 | **268** |
| 3 | Горан Митревски | Скопје | 61 | 59 | 59 | 81 | **260** |
| 4 | Маја Маркова | Скопје | 46 | 45 | 46 | 67 | **204** |
| 5 | Васко Марков | Скопје | 41 | 50 | 58 | 54 | **203** |
| 6 | Бурхан Махмудовски | Куманово | 32 | 27 | 41 | 47 | **147** |

*Б. Јовановски*

# МЕЃУНАРОДЕН ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР „БУРГАС ОПЕН 2023“

Македонските спортисти: Рубинчо Ристески-класа 8, Небојша Ташиќ-класа 9, Дејан Алексовски-класа 10 и Марјан Зафировски-класа 7, од 22 до 24. 9. 2023 година учествуваа на меѓународниот пингпонгарски турнир „Бургас опен 2023“ во Бугарија, на кој учествуваа 50 спортисти од 5 држави: Бугарија, Србија, Романија, Црна Гора и Северна Македонија.



Најдобар успех од нашите спортисти оствари Марјан Зафировски во класа 6-7, кој успеа да ја помине групата и во четвртфиналето загуби од романскиот натпреварувач, не успевајќи да се пласира во полуфиналето во борбата за еден од медалите.

Останатите наши спортисти натпреварите ги завршија уште во првата фаза, во разигрувањето по групи, не успевајќи да освојат едно од првите две места во група, кои водат во четвртфиналните борби.

*Б. Јовановски*

# МЕЃУНАРОДЕН ПИНГПОНГАРСКИ ТУРНИР „ПОДГОРИЦА ОПЕН 2023“, БРОНЗЕНИ МЕДАЛИ ЗА КОЦЕВСКИ, РИСТЕСКИ И ЗАФИРОВСКИ

Македонските пингпонгари: Страшко Коцевски, Небојша Ташиќ, Зоран Трајановски, Игорчо Постолов, Митко Сотировски, Рубинчо Ристески, Марјан Зафировски и Тони Митровски, предводени од генералниот секретар на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Драган Дојчиноски, од 21 до 24. 11. 2023 година учествуваа на меѓународниот пингпонгарски турнир „Подгорица опен 2023“, кој се одржа во спортскиот центар „Верде“ во Подгорица.





На турнирот учествуваа 50 пингпонгари од 4 држави: Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Црна Гора.

Турнирот за отворен го прогласи секретарот за спорт на Подгорица, Милош Антиќ, а на церемонијата на отворање поздравни говори имаа Игор Томиќ, претседател на Параолимпискиот комитет на Црна Гора, Жељко Шоќ, претседател на Пингпонгарскиот сојуз на Црна Гора и Дејан Башановиќ, претседател на Пингпонгарскиот клуб на лица со инвалидност Луча.

На 22. 11. 2023 година се одржаа борбите во поединечна категорија. Најдобар успех од нашите пигпонгари остварија Страшко Коцевски во класа 10, Рубинчо Ристески во класа 8 и Марјан Зафировски во класа 7, кои се закитија со бронзени медали. Останатите наши спортисти не ги поминаа квалификациските групи.



На 23. 11. 2023 година се одржаа екипните натпревари. Нашиот селектор, Страшко Коцевски, состави 4 тима од присутните македонски спортисти на турнирот. Најдобар успех од екипите имаа Игорчо Постолов и Тони Митровски, кои во споената класа 6 и 7 го освоија екипниот бронзен медал. Останатите наши екипи не ги минаа квалификациите по групи.

Средства за учество на овој натпревар се обезбедени од Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

*Б. Јовановски*

# ПРВО МЕСТО ЗА ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА НА 54. МЕМОРИЈАЛ „ПРОФ. БОЈАН ХРОВАТИН“



Од 8 до 10. 9. 2023 година, во Ново Место и во Семич, Словенија, се одржа 33. Државно првенство во атлетика за параплегичари на Словенија и 54. Меморијал „Проф. Бојан Хроватин“, на кој учествуваа спортисти од Словенија, Чешка, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија.

„Мобилност Македонија“ на овој натпревар го претставуваше спортистката Елена Давитковска, која во класа Ф54 го освои првото место, нејзината мајка Весна Давитковска како придружник и претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, кој оствари работна средба со претседателот на Сојузот на параплегичари, Дане Кастелиц, како и со Грегор Грачнер, одговорно лице во АБА ВИЛ ЛИГА во кошарка во колички, а на состанокот беа присутни и прославените словенечки спортисти параплегичари, Јоже Окорен и Јанез Худеј.

Честитки за Елена за постигнатиот резултат. На овој натпревар требаше да учествуваат и нашите спортисти: Зоран Јовановски Ф55, Златко Арсовски Ф55 и Гоце Миновски Ф56, но тие го откажаа учеството од лични причини и зафатеност.

*Б. Јовановски*

# ВТОР МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ „КУМАНОВО 2023“



На 9. 12. 2023 година, во спортската сала во гимназијата „Гоце Делчев“ во Куманово, во организација на Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово, а со финансиска поддршка од Општинскиот сојуз на спортови Куманово и Агенцијата за млади и спорт (ваучер за 2023), беше одржан вториот меѓународен турнир за спортисти со инвалидност на кој учествуваа 16 пингпонгари од Црна Гора, Србија, Бугарија и Северна Македонија.

Судија на натпреварот беше Мики Трендафиловски, а настанот за отворен го прогласи Срѓан Величковиќ, секретар на ОСС Куманово, во присуство на претседателот на ССРИ Куманово, Страшко Коцевски.

„Особена чест и задоволство ми беше денеска да го отворам вториот по ред меѓународен пингпонгарски турнир за лица со попреченост, кој беше во организација на Општинскиот сојуз на спортови и ССРИ Куманово, со помош на Пинг-понг клуб Куманово, а по повод Меѓународниот ден на лицата со инвалидност - 3 Декември, кој од оправдани причини се одржа со мало задоцнување. На турнирот зедоа учество спортисти од: Србија, Црна Гора, Бугарија и Северна Македонија. Сите овие луѓе покажаа дека за да се занимаваш со спорт најважен е спортскиот дух и желбата за натпреварување. Нескриено беше нивното задоволство што се гости во нашиот град» - истакна Срѓан Величковиќ, секретар на ОСС Куманово.

Во категоријата 6-8, првото место го освои Јордан Митев од Бугарија, второто Милорад Јовановиќ од Србија и третото Урош Гуголь од Црна Гора.

Во класата 9-10, првото место го освои Дејан Башановиќ од Црна Гора, второто Дарио Стошиќ од Србија и третото Страшко Коцевски од Куманово, Северна Македонија.

*Б. Јовановски*

# ГРАН-ПРИ ВО СТРЕЛАШТВО НОВИ САД 2023

Македонскиот стрелец Александар Јовановски, во придружба на асистентот Драган Дојчиноски, од 30. 8 - 2. 9. 2023 година учествуваше на Гран-при натпреварот во стрелаштво пара-спорт во Нови Сад, Србија.

Целта на настапот на ова првенство беше да се постигне резултат од најмалку 500 кругови во дисциплината МК пиштол слободен избор 50 метри, што всушност претставува минимум скор за настап во оваа дисциплина на Светското првенство во Лима од 19 до 29. 9. 2023 година.

На натпреварот, кој се одржа на 2. 9. 2023 година, Александар успеа да се избори со сите предизвици и да стрела резултат од 502 круга, по серии 84, 91, 82, 85, 81, 79, што поред нормата му овозможи и настап во финалето, во кое, за жал, испадна веќе по 12 истрели и го освои 8. место. Секако, честитки за постигнатиот резултат од 502 кругови (MQS).

Претходно, во дисциплината воздушен пиштол 10 метри, со резултат од 535 кругови, Александар влезе во финалето каде што по истрелани 14 истрели го заврши натпреварот на конечното 7. место, а во дисциплината Спорт пиштол 25 метри имаше симболичен настап.




Успешно завршена задача од нашиот стрелец Александар Јовановски, на која ѝ претходеа бројни тренинзи на стрелиштето „Камник“ во Скопје, со неговиот тренер Бранимир Јовановски и асистентот Горан Миладинов.

Претстои период на подготовки за настап на Светското првенство во Лима, Перу, на кое Александар ќе се бори за освојување на една од директните квоти за настап на Параолимписките игри во Париз 2024 година.

*Б. Јовановски*

# КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ

На 7. 10. 2023 година, македонската репрезентација во кошарка во колички, која вредно тренира од мај месец годинава во спортската сала „Јане Сандански“ во Скопје, под водство на тренерот Саша Димитриевиќ, за првпат настапи на еден турнир и тоа на турнирот во Рожаје, Црна Гора, на кој настапија три екипи и тоа: домашниот ККК Ибар, кој го освои второто место, нишкиот ККК Наис, кој го освои првото место на турнирот и македонскиот тим кој се пласира на третото место со два пораза. Нашите кошаркари во првиот натпревар загубија од ККК Ибар со 17:27, а во вториот натпревар загубија од екипата на ККК Наис со 62:14.




Вториот настап на турнирот нашите кошаркари го имаа од 8 до 10.12.2023 година во грчкиот град Серез, на чијшто турнир покрај нашата екипа, учествуваа и екипите на ККК Пансераикос од Грција, ККК Наис од Србија и БКХУ Левски од Бугарија. Нашите кошаркари во првиот натпревар загубија од БКХУ Левски со 14:55, а во борбата за третото место изгубија од домаќинот ККК Пансераикос со 13:53.

Иако на двата турнира забележавме убедливи порази, кои пред сè се плод на неуиграноста и немањето на натпреварувачко искуство на нашите момчиња, важно е дека тргнавме по патот на кој поразите и победите се составен дел од играта.

*Б. Јовановски*

# МАКЕДОНСКИТЕ ШАХИСТИ СО ИНВАЛИДНОСТ НАСТАПИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР „СКОПЈЕ ОПЕН 2023“

Градот Скопје, во соорганизација со Шаховскиот сојуз на град Скопје, во хотел „Континентал“ во Скопје, од 6 до 12.12.2023 година го одржа меѓународниот турнир „Скопје опен 2023“ на кој, на „Б“ турнирот (за играчи со рејтинг послаб од 2000 поени), настапија 150 шахисти, меѓу кои и повеќе шахисти со инвалидност (слепи и слабовидни, со телесен инвалидитет и цивилни инвалиди од војната).

„Мобилност Македонија“ ја претставуваа Јанчо Ѓорѓевски од Куманово, Даниел Нунески од Пештани, Горан Војновски од Кочани и младиот Александар Стојчевски од Скопје.

На „Б“ турнирот, покрај редовната награда за освоено прво, второ и трето место, беше доделена и посебна награда „Крум Митковски“ на најдобро пласираните тројца шахисти со инвалидитет. Меѓу нив, првото место и награда од 350 евра го освои Зоран Костадиновски од Скопје (слабовиден шахист) со освоени 7 поени од можни 9, второто место и награда од 250 евра му припадна на Јанчо Ѓорѓевски од Куманово (лице со телесен инвалидитет) со освоени 6 поени од можни 9, а третото место и награда од 150 евра на Горан Војновски од Кочани (лице со телесен инвалидитет) со освоени 5,5 поени.

Инаку, во редовниот пласман од „Б“ дивизијата, од лицата со инвалидност најдобар пласман оствари Зоран Костадиновски кој во конкуренција на 150 шахисти го освои 5. место на табелата со освоени 7 поени од 9 можни, Јанчо Ѓорѓевски се пласираше на 18. место во генералниот пласман со освоени 6 поени, Горан Војновски на 42. место со 5,5 поени, Жарко Селковски на 52. место со 5 поени, Стефан Мелник на 60. место со 5 поени, Зејнеп Ѓулеруз од Турција на 78. место со 4,5 поени, Даниел Нунески на 83. место со 4,5 поени, Александар Стојчески на 100. место со освоени 4 поени, Костов Коста на 130. место со 3,5 поени, Саит Северџан на 139. место со 3 поени и Слободан Делев на 146. место со освоени 2,5 поени.

Средства за учество на шахистите од „Мобилност Македонија“ беа обезбедени преку Министерството за труд и социјална политика, од средствата за финансирање на програмските активности на сојузот за 2023 година.

*Б. Јовановски*





Download Files Regulations_Skopje_Open_2023_Final.pdf
Excel and Print Export to Excel (xlsx), Export to PDF-File, QR-Codes
Search for player Search

Final Ranking after 9 Rounds

| Rk. | SNo | Name | Typ | sex | Gr | FED | Rtg | Pts. | TB1 | TB2 | TB3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | Halilovic, Fahrudin | | | | BIH | 1977 | 8 | 51 | 43 | 8 |
| 2 | 1 | Tasci, Onur | | | | TUR | 1987 | 7,5 | 45,5 | 37 | 7 |
| 3 | 4 | Minas, Ioannis | | | | GRE | 1964 | 7 | 50 | 36 | 5 |
| 4 | 19 | Gochev, Gincho | | | | BUL | 1806 | 7 | 48,5 | 38 | 6 |
| 5 | 9 | Kostadinovski, Zoran | S50 | | KM | MKD | 1893 | 7 | 47,5 | 37 | 6 |
| 6 | 35 | Cakonchev, Hristijan | | | | MKD | 1694 | 7 | 47,5 | 36 | 7 |
| 7 | 13 | Jusufi, Ahmet | U18 | | | KOS | 1847 | 7 | 46,5 | 37 | 7 |
| 8 | 29 | Xheladini, Valton | U18 | | | MKD | 1743 | 7 | 46,5 | 37 | 6 |
| 9 | 11 | Krstev, Emil | S50 | | | MKD | 1871 | 7 | 43,5 | 34 | 5 |
| 10 | 10 | Djukanovic, Mitar | | | | MNE | 1872 | 6,5 | 49,5 | 35,5 | 6 |
| 11 | 58 | Ivanov, Andrey | U14 | | | MKD | 1571 | 6,5 | 49,5 | 33,5 | 5 |
| 12 | 70 | Ari, Hasancan | U16 | | | TUR | 1472 | 6,5 | 45,5 | 35,5 | 6 |
| 13 | 14 | Bernardo Sanz, Alberto | | | | ESP | 1836 | 6,5 | 45 | 31,5 | 5 |
| 14 | 92 | Dal, Emir Saygin | U10 | | | TUR | 1345 | 6,5 | 42,5 | 32 | 6 |
| 15 | 64 | Temelkov, Aleksandar | | | | MKD | 1525 | 6,5 | 42,5 | 30 | 6 |
| 16 | 63 | Uruci, Valentin | U16 | | | KOS | 1530 | 6 | 46,5 | 33,5 | 5 |
| 17 | 5 | Ranic, Viktor | S50 | | | MKD | 1928 | 6 | 46 | 35 | 4 |
| 18 | 33 | Gjorgjevski, Janco | S50 | | KM | MKD | 1705 | 6 | 45,5 | 34 | 6 |
| 19 | 86 | Radonjanin, Nikola | U14 | | | MKD | 1390 | 6 | 43,5 | 28 | 4 |
| 20 | 46 | Hristovski, Marjan | U20 | | | MKD | 1659 | 6 | 43 | 30,5 | 5 |
| 21 | 57 | Spasov, Vancho | S65 | | | MKD | 1576 | 6 | 42 | 33 | 6 |
| 22 | 24 | Aleksovski, Aleksandar | S50 | | | MKD | 1791 | 6 | 42 | 31,5 | 5 |
| 23 | 43 | Rousseau, Christilla | | w | | BEL | 1664 | 6 | 38,5 | 30 | 4 |
| 24 | 47 | Lakusic, Zoran | S65 | | | MNE | 1654 | 6 | 38,5 | 28 | 4 |
| 25 | 32 | Shtavica, Alaudin | U16 | | | KOS | 1710 | 6 | 38 | 27,5 | 5 |
| 26 | 21 | Jovanovski, Zoran | S65 | | | MKD | 1799 | 6 | 38 | 26,5 | 5 |





# ПРВО МЕСТО ЗА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ШАХ ВО БАЊА ЛУКА

Репрезентацијата на „Мобилност Македонија“ во состав: Јанчо Ѓорѓевски на прва табла, Горан Којновски на втора табла, и Тоде Арсов на трета табла, го освои првото место со максимален број на победи (4) на 15. Меѓународното првенство во шах за лица со телесен инвалидитет, што се одржа од 13 до 15. 10.2023 во Бања Лука, на кое учествуваа и екипите на: Тител од Србија, репрезентација на Република Српска, репрезентација на федерација БиХ и репрезентација на параплегичари на Словенија.

Дополнително, Горан Којновски го освои првото место со максимален број победи (4) на втората табла, а Тоде Арсовски првото место со максимален број победи (4) на третата табла. Јанчо Ѓорѓевски имаше половичен успех на првата табла со 2 победи и 2 пораза.

*Б. Јовановски*



# АКТИВНОСТИ НА „МОБИЛНОСТ ТЕТОВО И ГОСТИВАР“

„Мобилност Тетово и Гостивар“ беше домаќин на 13. Републички натпревар во табла. Турнирот се одржа на 16 ноември, во ресторанот „Електра гарден“ во с. Брвеница, кој беше сосема пристапен за нашите членови, телесни инвалиди и тоа со приспособен тоалет и паркинг, како и пристапна сала. На натпреварот учество зедоа 16 натпреварувачи од 9 здруженија од „Мобилност Македонија“, и тоа Штип, Гевгелија, Куманово, Кочани, Скопје, Струмица, Битола и Тетово и Кавадарци и имаше 72 телесни инвалиди, вкупно 90 гости. Турнирот го отвори Велибор Јаќимовски, претседател на „Мобилност Тетово и Гостивар“.

Присутни гости беа претставници од донаторите Везе Шари, Здружението „Вешта жена“ од Тетово и „Кораб Трница“. Оваа наша активност е финансирана од „Мобилност Македонија“, а за оваа активност да биде подобра и поуспешна, ја помогнаа пријателите на здружението и тоа: слаткарница „Дуди Теќе“, пекара „Житен клас“, „Буше“, „Везе Шари“, „Електра гарден“, „Вешта жена“ и општините Тетово и Брвеница и истите добија благодарници.

Играјќи во три добиени партии и систем на елиминација во полуфинале влегоа: Ванчо Каранфилов од Скопје, Виктор Димитриевски од Тетово, Љубица Боевска од Струмица и Михајло Михајлов од Кавадарци. Прво место освои Михајло Михајлов, второ место Ванчо Каранфилов и трето место Љубица Боевска. Првонаградениот доби пехар, диплома и производи од „Кораб Трница“, второнаградениот доби табла, диплома и производи од „Кораб Трница“ и третиот доби пијалак, диплома и производи од „Кораб Трница“. Овој турнир заврши со ручек проследен со музика.

*Ф.Јаќимовска*






# ПРОМОВИРАНИ МЕДАЛИТЕ ЗА „ПОИ ПАРИЗ 2024“

Организациският одбор на Игрите во Париз 2024 година, на 8 февруари ги промовираше медалите за Параолимписките и Олимписките игри. За првпат во историјата на Игрите, секој медал е украсен со високо симболично и непроценливо парче метал - оригиналното железо од Ајфеловата кула. Со ставање парче од францускиот симбол во средината на медалите, Париз 2024 се надева дека на спортистите ќе им остави незаборавен спомен од Игрите, од Париз и од Франција.

Предната страна на параолимпискиот медал е прекрасна графичка претстава на поглед на Ајфеловата кула од низок агол под самата Ајфелова кула. За да се овозможи трите медали (златниот, сребрениот и бронзениот) да се разликуваат на допир, на работ на медалот се врежани линии. Изгравирано е и универзалното Брајово писмо, кое воедно е омаж на неговиот француски пронаоѓач Луј Брај.

Другата страна на медалот го вклучува оригиналното парче железо од Ајфеловата кула во облик на шестоаголник. Изградена за Универзалната изложба во 1889 година, Ајфеловата кула е целосно направена од посебен вид железо познато како железо „локва“. Произведено во Помпеј во Лорен, леаното железо произведено со редуцирање на железната руда со посебна специфична постапка за отстранување на вишокот јаглерод кој по топењето сè уште е присутен во леано железо, добиеното железо е речиси чисто и исклучително силно. Во текот на 20 век, структурата на Ајфеловата кула била подложена на реновирање, одредени метални елементи биле отстранети и внимателно зачувани. Societe d’Exploitation de la Tour Eiffel им даде втор живот на овие делови од историјата, вградувајќи сегменти во медалите кои ќе им се доделуваат на параолимписките и олимписките спортисти. Со интегрирање на најкултниот метал од француското наследство во центарот на најпрестижните медали во спортот, Париз 2024 го продолжува континуитетот на наследството на Густав Ајфел.

Во намерата да ја зајакне врската помеѓу спортот, културата и наследството, Организациският одбор на Олимписките и Параолимписките игри во Париз 2024 го повика францускиот златар Шауме, како прв златар во историјата на Игрите, да го создаде дизајнот на параолимписките и олимписките медали. Основана во 1780 година, компанијата LVMH групација, исто така е и премиум партнер на Игрите во Париз 2024 година.




Според зборовите на претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет, Andrew Parsons, спортистите ќе дадат сè од себе за да освојат еден од медалите и да го понесат со себе дома.

*Б. Јовановски*

# „ПАРИЗ 2024“ ГИ ИЗБРА НОСИТЕЛИТЕ НА ОЛИМПИСКИОТ И ПАРАОЛИМПИСКИОТ ОГИН!

Пристигнувањето на олимпискиот оган во Марсеј, со бродот со три јарболи „Белем“, на 8 мај 2024 година, ќе го означи почетокот на патувањето на олимпискиот факел низ Франција. Од 11.000 носители на факелот (10.000 на олимпискиот факел и 1.000 на параолимпискиот факел), 80 % од нив веќе добија потврда дека ќе го носат факелот. Конечните идентитети на носителите на факелот ќе бидат откриени најдоцна до април. Некои од имињата на носителите на факелот ќе се чуваат во тајност сè до последен момент со цел да се задржи елементот на изненадување, особено на носителите спортисти и познати личности.

Пример на оние кои беа избрани како дел од кампањата „Клуб Париз 2024“ се:

Бенџамин, 43-годишен музичар кој ја поминал Франција со велосипед и покрај тоа што е квадриплегичар;

Хајет, 21-годишен волонтер кој е посветен на промовирање на образованието преку спорт;

Марк, искусен спортист кој и на 70-годишна возраст сè уште не може да се засити од екстремните предизвици;

Мари, 37, која секојдневно се бори против хроничните болести и им помага на децата со аутизам;

Вилијам, 30-годишен капетан (скипер) кој е страстен за наутичките иновации;

Ранитеа, 19-годишна студентка од Полинезија, која е силно посветена на развојот на женскиот спорт.

Носителите на факелот ќе бидат од сите возрасти, 50 % од нив се жени и 50 % мажи, кои со носењето на факелот, низ 400 населени места, вклучувајќи и пет прекуморски региони, ќе се сретнат со жителите на тие места и ќе го отворат патот за Игрите и прославите. Со носење на олимпискиот и параолимпискиот оган, низ улиците на Франција, носителите на факелот ќе го означат почетокот на прославите низ целата земја. Од 8 мај 2024 година, кога олимпискиот оган ќе пристигне во Марсеј, тие ќе го подигнат нивото на возбуда во секој регион од Франција со цел да ја подготват јавноста за пристигнувањето на Игрите.

Клер Ревену, генерален директор на „Кока-Кола“, спонзор на Олимписките и Параолимписките игри 2024 истакна: „Носителите на факелот што ги избравме се избрани поради нивното уникатно минато, нивните постигнувања и посебни животни приказни. Нивната улога ќе биде многу поголема и позначајна од самото пренесување на факелот. Тие ќе бидат носители на моќната порака за ширење на единството, што е белег на Олимписките и Параолимписките игри. Со носењето на олимпискиот огин, тие ќе претставуваат симбол




на отвореност, споделување и пренесување меѓу поединците, културите и нациите, засилувајќи ја идејата дека спортот може да го инспирира светот да се обедини во величењето и славењето на спортистите, нивните постигнати извонредни резултати и пред сè фер играта“.

*Б. Јовановски*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА НАТПРЕВАР ВО БОЧАЊЕ - БУГАРИЈА

Спортската дисциплина бочање е стара спортска игра која со векови се одржува во медитеранските земји. Името бочање е изведено од латинскиот збор bottia кој во превод значи топка. Сите извори велат дека оваа игра, која датира 500 години пр. н. е., потекнува од Грција, односно од полисата Спарта (изум на Спартанецот Тимокреатес) каде што Етрурците ја пренеле на Римјаните, па тие во Италија и во другите медитерански и алпски земји. За изведување на овој која ќе има повеќе серии на фрлања поблиску до целта од опонентот.

„Мобилност Скопје“ неодамна почна да го практикува овој спорт и да наоѓа сè поголем број слободни термини за него бидејќи натпреварите во бочање на членовите им се покажаа мошне интересни и компатибилни на инвалидитетот за негово спроведување на терен.




спорт неопходен е рамен земјен терен покриен со песок низ кој попречно и надолжно се означуваат линии околу кои се поставува мрежа за да биде граничник во запирање на топките (бочи). Куглите за натпреварување се шупливи топки во големина на дланка и се изработуваат од челик. Целта на играта е да се дофрли со куглите што е можно поблиску до центарот/мета/булин, при што победник е играч или група

За наша чест и за првпат, во 2023 година, добивме покана од страна на Спортскиот клуб за лица со попреченост АЛФА Севлиево-Бугарија и Бугарската параолимписка федерација, во период од 20 до 22 октомври, „Мобилност Скопје“ како претставник од Македонија, да учествува на четвртиот Интернационален турнир во Бочање-Петанк, во „Севлиево 2023“ - Бугарија. На турнирот зедоа учество 24 учесници од

пет земји и тоа; Бугарија како домаќини, Србија, Италија, Македонија и Романија. „Мобилност Скопје“ на турнирот учествуваше со четири члена кои играа во парови како тимови. Тие го дадоа својот максимум и со оглед на малата наша традиција за овој спорт, Македонија и Скопје го освоија солидното трето и четврто место.

Турнирот се одржа во одлична атмосфера, идеален спортски дух и беспрекорно активно дружење.

За дводневниот настан и совршениот прием од страна на Федерацијата и спортскиот клуб од Бугарија, „Мобилност Скопје“ изразува огромна благодарност до организаторите и им ветува идна континуирана соработка, а пак, на своите членови им соопштува дека ќе остане посветен во понатамошно негово практикување.

*Христина П.*



# НАТПРЕВАР НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И ПРИЈАТЕЛСКИТЕ КЛУБОВИ ВО КУГЛАЊЕ

Спортот е една од најголемите активности на која „Мобилност Скопје“ става акцент и ги вложува сите напори за негова одржливост преку спроведување спортски активности за членовите. Имено, последните две години покрај атлетика, шах, фудбал, кошарка со колички, бочање, пинг-понг... новитет во спортот што се покажа мошне интересен и компатибилен за негово практикување е спортот куглање. Овој вид спорт во „Мобилност Скопје“ го имплементира раководниот тим на здружението благодарение на конекцијата со одговорните лица на Клубот „Мусандра“ и челниците на ГТЦ, под чие раководство е кугларскиот клуб. По неколкумесечни редовни тренинзи, констатиравме дека и поединечно но и како екипа „Мобилност Скопје“ е спремно да се натпреварува надвор од рамките на рекреативното спортување. За оваа цел, пак, здружението аплицираше на јавен повик во одделот за спорт при Град Скопје за добивање проект за куглање. Проектот беше позитивно оценет при што добивме можност да бидеме поддржани од страна на Градот во намерата за организирање регионален натпревар во куглање. Тој се одржа на 10 ноември во Кугланата „Мусандра“-ГТЦ на кој зедоа учество 50-ина натпреварувачи од повеќе здруженија и клубови во Македонија и тоа: Мобилност Скопје, Мобилност Куманово, Мобилност Штип, ССРИ Кавадарци, ССРИ Прилеп, ЗСРИ Струмица, ССРИ Битола.

Целиот настан беше совршено организиран од страна на нашето здружение и професионалниот тим на кугланата „Мусандра“ во однос на поддршка за лицата кои куглаат, нивниот правилен редослед и класификации, бодување и резултати со соодветна компјутерска евиденција итн. Овие



предиспозиции беа чинители натпреварот да се одвива во комотна атмосфера за учесниците, односно дејствието на спортот да биде едно прекрасно активно дружење. По завршување на натпреварувачкиот дел, се одржа скромна церемонија за најдобрите, односно се прогласија спортистите кои се закитија со златен, сребрен и бронзен медал како и пехар за најуспешниот куглар во табелата на севкупно освоени поени од сите категории (машка, женска, стоечка, седечка).



„Мобилност Скопје“ им се заблагодарува на сите учесници од здруженијата и клубовите низ РМ, кугланата „Мусандра“ за просторот, времето и тренерите и секако најголема благодарност до Градот Скопје и одговорните при Одделот за спорт кои секогаш се тука за нас и несебично го поддржуваат ваквиот тип активности.

Со вметнување на оваа коцка во мозаикот наречен спорт, „Мобилност Скопје“ затвори уште една врата на својот коридор и продолжува да ги отвора следните по патот на успехот.

*Христина П.*

# ТУРНИР ВО ШАХ „ЕЗЕРСКА КРАЛИЦА“




Здруженијата се заедници каде што лицата со соодветни потреби и интереси се зачленуваат за да го остварат она што им е потребно и им следува. Нашето здружение „Мобилност Скопје“ е токму една од тие заедници што ги обединува своите членови и ги мотивира да ги истакнат сите свои потенцијали кои ги поседуваат со цел на јавноста да им ја покажат силата на вредност, еднаквост и потреба од постоење на лицата со телесен инвалидитет. Еталон за оваа единица мерка секако се млади талентирани членови, кои всушност се никулецот на онаа личност која во иднина ќе ја предава темата.

Пример за еден таков млад член на „Мобилност Скопје“ е златното момче Александар Стојчески кого здружението по одобрениот јавен повик, од страна на Град Скопје во областа спорт, го поддржа во намерата да учествува на престижен турнир во шах и каде тоа ги потврди предиспозициите за најталентиран млад шахист во здружението и пошироко.

Имено, турнирот „Езерска кралица 23“ се одржа во период од 8 до 10 септември во хотел „Дрим“ во Струга, каде што по дводневни натпреварувања Александар ја освои наградата за најдобро одиграна партија на турнирот и се здоби со пехар за заслуга. Момчето беше гордо на својот успех и после ваквиот настан и прекрасно дружење се здоби со верба да продолжи по патот на остварување нови турнири, односно со желба за упорно вежбање и димензионирање на своите успеси.

„Мобилност Скопје“ е гордо на младите талентирани членови, секогаш ќе ги поддржува и апелира да бидат пример за сите останати во здружението со интенција дека талентот е орудие кое треба да се истакне.

Честитки Александар Стојчески!

*Христина П.*



## БОЛКА

Се во животот боли.
Вадењето запчиња,
гребаница од паѓање,
дури и мала изгореница,
првата љубов,
навредата,
лошиот збор.

Болката е дадена на луѓето
за да станат јаки,
оти животот е таков-
за на борбата со болките
човекот сам
да им го најде лекот.

Тогаш човекот е херој,
жив е,
опстојува
и се величи.

Оти сме леѓе,
оздравуваме
и кога ни е најтешко-
така сме створени,
мали, но да бидеме големи.

*Љубица Марковска*
Мобилност Гевгелија

## ЗА ЖИВОТОТ

Животот. Што е тоа?
Не можеш да го опишеш,
ни на хартија да го запишеш.
Не можеш да живееш без него,
а тешко ти е без него.
Тој е дел од тебе,
кој со отчукувањата на часовникот
го губиш засекогаш.
Си помислуваш ли некогаш
што животот ти нуди?
Се разбира,
болка, среќа, љубов,
тој чувства на спомени ти буди.
Со него одиш во иднината,
а сепак мислиш на годината измината.
Посакуваш да трае вечно,
она што може да се изгуби,
а реалноста те мачи,
во миг може да те излуди.
Живеј го животот
тие сакаат така,
биди силна за припекот
и секогаш на нозе чекај го одекот.
Само ти можеш
срцето на храброст да го обучиш
и за секој чекор сама да одлучиш.

*Мимоза Делипетрова Томова*
Мобилност Радовиш

## БОЛКАТА ИМА И ДРУГО ИМЕ

Дали си здрав или болен
не одлучуваш ти!
Секој ден е неизвесност
никој не знае што го чека
во утрешниот ден.

Затоа биди благодарен ако си здрав
биди благодарен што си жив.
Биди хуман и подај рака
на секој што му треба твојата помош.

Слепи, глуви, неподвижни, болни...
сите сме Божји чеда
никој од нас не сака беда.

А болката!
Болката го менува човекот
и го прави посилен.

Животот е убав кога радост и тага се дели
затоа сме тука да помогнеме кога треба.
Никогаш и никаде не заборавајте
дека сите сме исти,
сите сме Божји чеда.

Не постојат бариери
кога сите сме сложни, и ништо не не дели.
Попреченоста има и други имиња:
храбри, издржливи, човечки, хумани, силни.

*Ванѓа Јованчева*
Мобилност Штип



















ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА

СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ISSN 1857-8470

9 771857 847001